# АНАЛИЗА
# НА РОДОВИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

# АНАЛИЗА НА РОДОВИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

# АНАЛИЗА
# НА РОДОВИ АСПЕКТИ
# ВО ПРАВОСУДСТВОТО


Издавач:
**Центар за правни истражувања и анализи**

За издавачот:
**Лидија Стојкова Зафировска**

Уреднички:
**М-р Татјана Стоименовска**
**Ева Цветковска**

Автори:
**М-р Неда Чаловска Димовска**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**
**М-р Милена Јосифовска**
**Д-р Жарко Алексов**
**Александар Гоџо**

Лектор:
**Дејан Василевски**

Графички дизајн и печатење:
**Релатив**

**Скопје, Октомври 2024**

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

305-055.2:347.96/.99]:341.24(047.31)
305-055.2:347.96/.99(497.7)(047.31)

АНАЛИЗА на родови аспекти во правосудството / Неда Чаловска Димовска ...[и др.] ; илустратор Владимир Ѓорѓиевски. - Скопје : Центар за правни истражувања и анализи, 2024 (Скопје : Релатив). - 79 стр. : илустр. ; 21см

Фусноти кон текстот. - Останати автори: Гордана Лажетиќ, Милена Јосифовска, Жарко Алексов, Александар Гоџо

ISBN 978-608-4926-12-2

1. Чаловска Димовска, Неда [автор] 2. Лажетиќ, Гордана [автор] 3. Јосифовска, Милена [автор] 4. Алексов, Жарко [автор] 5. Гоџо, Александар [автор]

а) Родови студии -- Жени -- Правосудство -- Меѓународно-правна регулатива -- Истражувања б) Родови студии -- Жени -- Правосудство -- Македонија – Истражувања

COBISS.MK-ID 64844037


British Embassy
Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity


Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Премостување на родовите стереотипи во правосудството" финансиски поддржан од Британската амбасада Скопје. Изразените ставови и мислења на авторите нужно не ги одразува ставовите на владата на Обединетото Кралство.

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ....6

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ....7

1. ВОВЕД....11
1.1. Цели на анализата....14
1.2. Структура на анализата....14

2. МЕТОДОЛОГИЈА....15

3. ПРАВНА РАМКА....19
3.1. Меѓународна правна рамка....20
3.2. Национална правна рамка....24
3.3. Јуриспруденцијата на ЕСЧП по однос на прашањата за родова еднаквост....26
3.3.1. Значење на ЕСЧП во унапредувањето на родовата еднаквост....30
3.4. Семафор на усогласеност....31
3.5. Заклучоци за правна рамка....34

4. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ....35
4.1. Заклучоци од статистичка анализа....47

5. АНАЛИЗА НА РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО....49
5.1. Резултати од истражувачките алатки....50
5.2. Вработување/избор....52
5.3. Напредување во кариерата....55
5.4. Прераспределување, санкции и разрешување....58
5.5. Родово-заснована дискриминација....59
5.6. Безбедност....61
5.7. Заклучоци од анализата на родови аспекти во правосудството....62

6. АНАЛИЗА ЗА РОДОВИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО....63
6.1 . ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РОДОВИ СТЕРЕОТИПИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО....86

7. ПРЕПОРАКИ....87

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **ОЕЦД** | Организацијата за економска соработка и развој |
| **ЦПИА** | Центар за правни истражувања и анализи |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОДИХР** | Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права |
| **СЈОРСМ** | Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| **ЦЕДАВ** | Комитет за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човековите права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човековите права |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ВС** | Врховен суд |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Анализата на родовите аспекти во правосудството** е обид да се согледаат состојбите со родовата еднаквост и условите за влез, како и професионалниот напредок на жените во правосудството. Обезбедувањето родова еднаквост во правосудството сè повеќе се истакнува како клучно прашање тесно поврзано со правичноста, транспарентноста и ефективното владеење на правото. Оваа студија укажува на важни достигнувања, но и на значителни предизвици во однос на практичната примена на овие принципи.

И покрај солидната интеграција на родовите аспекти во Кривичниот законик и Законот за спречување на дискриминација и други клучни правни акти, како Законот за судови, Законот за јавното обвинителство, Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба, **недостигаат експлицитни мерки за промоција на родовата еднаквост**. Потребно е експлицитно интегрирање на родовите аспекти во овие закони, заедно со ревидирање на етичките кодекси на судиите и јавните обвинители за поефикасна заштита од дискриминација и намалување на родовите стереотипи. Дополнително, иако родово-одговорното буџетирање постои како принцип, примената на оваа практика е слаба.

Во поглед на **образованието и застапеноста на жените во правосудството**, податоците покажуваат позитивни трендови. Жените се соодветно застапени во образовниот процес, односно 53% од дипломираните студенти на правните факултети се жени, а 59% се магистри. Исто така, мнозинството учесници во Академијата за судии и јавни обвинители се жени, што покажува напредок во застапеноста на жените во судиската и обвинителската обука. Сепак, загрижувачки е **намалувањето на бројот на жени судии**, што укажува на потребата за проактивни мерки за задржување на жените во правосудството, преку воведување на менторски програми и други форми на поддршка за жените да напредуваат во кариерата. Посебен фокус треба да се стави на вклучување на жените од етничките малцинства, како и на лицата со попреченост, кои се слабо застапени во правосудството.

Проблемите со **родово-засновната дискриминација** во правосудството сè уште се присутни. Иако жените се значително застапени во системот, тие се соочуваат со предизвици при изборот и унапредувањето на раководни позиции, каде што родовите стереотипи играат значајна улога. Исто така, особено загрижува фактот што **не постојат внатрешни механизми за пријавување на родово-заснована дискриминација и сексуално вознемирување.** Потребно е создавање на доверлив и ефикасен механизам за пријавување дискриминација и сексуално вознемирување во правосудните институции, со јасни процедури и заштитни мерки за жртвите.

**Безбедноста** е уште еден значаен предизвик за жените во правосудството, особено за оние што работат на кривични предмети, каде што се соочуваат со специфични родови закани, како вербални напади и закани по животот. Овие закани најчесто се поинтензивни за жените отколку за мажите, што укажува на потребата за развивање протокол за заштита на жените судии и јавните обвинителки, од родово-специфични закани. Судиите поротници, кои се претежно жени, исто така, **немаат доволна институционална заштита** и се изложени на несигурни работни услови, што бара итни мерки за подобрување на нивната безбедност и сигурност при извршување на оваа функција.

Препораките што произлегуваат од оваа анализа повикуваат на **ревизија на правната рамка**, вклучително и експлицитно интегрирање на родовите аспекти во клучните закони што го регулираат правосудниот систем. Неопходно е спроведување на редовни обуки и обновување на знаењата за родова еднаквост и спречување дискриминација, особено преку Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно наодите од анализата, потребно е да се преземат мерки за зголемување на **застапеноста на жените од малцинските етнички заедници и лицата со попреченост во правосудството**, преку стипендии, менторски програми и таргетирани кампањи за нивно привлекување и задржување. Овие мерки треба да вклучуваат и подобрување на физичката и информативната пристапност на правосудните институции за лицата со попреченост, како и подобрување на условите за работа на судиите поротници.

Крајна цел е создавање на инклузивен правосуден систем, кој ќе ги отстрани родовите бариери и ќе осигури еднакви можности за сите граѓани, без разлика на нивниот пол, етничка припадност или попреченост, за активно учество и напредување во правосудниот систем. Обезбедувањето родова рамноправност во правосудството е клучно прашање тесно поврзано со правичноста, транспарентноста и ефективното владеење на правото. **Намалувањето на внатрешните бариери за влез и напредок** ќе воведе целокупен и подобрен пристап до правда за сите граѓани.

"Родовата еднаквост
е повеќе од цел сама
по себе, таа е предуслов
за намалување на
сиромаштијата,
промовирање на
одржлив развој и
на доброто
владеење"

Кофи Анан

# 1. ВОВЕД

Оваа анализа е направена во рамките на проектот „*Премостување на родовите стереотипи во правосудството*“ финансиски поддржан од Британската амбасада Скопје. Проектот, кој е дизајниран да **ги адресира родовите стереотипи и виктимизацијата во судството** во Република Северна Македонија, е цврсто втемелен на принципите на човековите права, особено на родовата еднаквост. Преку инклузивен процес со вклучување претставници на правосудниот систем во **анкети, интервјуа и фокус-групи**, проектот има цел да ги идентификува и да ги квантифицира системските родови разлики, признавајќи ја и нагласувајќи ја основната врска помеѓу родовата еднаквост и човековите права.

Денес постојат неоспорни докази низ целиот свет што покажуваат дека како сè повеќе жени се избираат на функција, така и сè повеќе се креираат политики во кои се нагласува квалитетот на животот и се одразуваат приоритетите на семејствата, жените и малцинствата. Сепак, **Индексот на родова еднаквост во Република Северна Македонија** во 2022 година[1] изнесува 64,5 поени од максималните 100 и, иако е забележан прогрес од 2,5 поени споредено со последното мерење во 2019 година, доколку прогресот се одвива со ова темпо (2,5 поени прогрес на четири години) на Република Северна Македонија ќе ѝ бидат потребни приближно 57 години за да постигне родова еднаквост во сите домени. За споредба, иако просекот на ЕУ[2] што во 2023 година е 70,2 и речиси 6 поени повисок од оној на нашата земја, темпото на досегашен прогрес од еден поен на две години се смета за бавно и недоволно за постигнување на родова еднаквост на ниво на ЕУ. **Активното учество на жените во сите сфери на општественото живеење, вклучително и правосудството**, врши длабоки позитивни и демократски влијанија врз животите на граѓаните и го помага остварувањето на фундаменталните демократски вредности. Разновидна правосудна работна сила, составена од мажи и жени од различно етничко потекло или културни, економско-социјални сфери, може донесе различни гласови, перспективи и погледи. Таквата диверзифицираност може **да го зајакне и интегритетот на судството и да ја зголеми довербата на граѓаните во правосудните служби**. Зајакнатото учество на жените во судските професии, особено на високите позиции, може да помогне да се елиминираат родовите стереотипи и да доведе до зголемување на **подготвеноста на жените да ги ефектуираат своите права.**

Сепак, и покрај напредокот во зголемувањето на бројот на жени во судските редови, родовата застапеност во судовите на високо ниво останува нерамномерна. Според статистичките показатели за земјите од ОЕЦД,[3] иако жените во просек сочинуваат 56% од судиите во првостепените судови и 48% во второстепените судови, само 33% од позициите во врховните судови се пополнети од жени. Оваа ситуација е пресликана и во Република Северна Македонија и укажува на присуството на

---

1 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=886.

2 Gender Equality Index | European Institute for Gender Equality (europa.eu).

3 Анализа на податоци од 2016 година.

системски бариери и родови стереотипи, кои **особено ги погодуваат помладите жени кои сакаат да влезат или да напредуваат во правосудната професија**. Овие стереотипи се манифестираат во форма на предрасуди за компетентноста и способноста на жените да вршат функции на високи судски позиции.

**Традиционалните родови улоги** во Република Северна Македонија продолжуваат да доминираат во процесите на одлучување. Мажите судии и јавни обвинители понекогаш не само што не им овозможуваат на жените простор за учество туку и отворено го поткопуваат нивниот учинок. Оваа динамика создава **култура на недоверба и исклучување**, која ги спречува жените да бидат избрани за раководители на судовите или јавните обвинителства. Основните форми на сексуално вознемирување, непосакуваните коментари за физичкиот изглед или приватниот живот и понатаму се присутни и создаваат непријатна работна атмосфера. Судијките и јавните обвинителки дополнително се изложени на **сексизам преку медиумите**, што ги зголемува психолошката и професионалната тензија. Овие предизвици создаваат не само непосредни проблеми за индивидуалните жени туку и го подриваат целокупниот интегритет на правосудниот систем.[4] **Постојните антиродови движења** дополнително го комплицираат донесувањето на законските решенија што промовираат родова еднаквост. Антиродовите движења под превезот на одржување на т.н. „традиционални улоги“, а се всушност мизогини и антидемократски во својата форма, се стремат да ја вметнат жената во строго дефинирани рамки, кои не излегуваат од традиционалните. Со тоа, нејзината функција и учество во општеството, политичкиот и јавниот живот се минимизира и се уназадува. Сето тоа води кон поголема изложеност на вознемирување и насилство. **Недостатокот на механизми за заштита и поддршка за жртвите на вознемирување**, вклучително и сексуално вознемирување, ја влошува работната атмосфера и создава клима на страв и несигурност за жените во правосудството.

Тргнувајќи од ваквата состојба и земајќи ја предвид потребата за дополнителни и посеопфатни истражувања на постоењето на родови пристрасности и родово-заснована дискриминација, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) иницираше процес на подготовка на сеопфатна длабинска анализа за состојбата со родовата еднаквост во правосудството. Оваа анализа има цел да идентификува постојни бариери, да предложи конкретни препораки за унапредување на родовата еднаквост и да придонесе за создавање на правосуден систем, кој е праведен, инклузивен и транспарентен за сите граѓани на Република Северна Македонија. Крајната цел на оваа анализа е не само да фрли светлина на тековната состојба туку и **да понуди решенија што ќе помогнат во градењето еднаквост и правичност во правосудството, со цел да се создаде општество што ќе ги цени и ќе ги почитува правата на сите граѓани.**

4 Види „Родот и различностите во правосудството – Република Северна Македонија“. Студијата на македонски јазик е достапна на следниот линк: https://www.osce.org/files/f/documents/2/8/531200.PDF

## 1.1. Цели на анализата

Анализата на родовите аспекти во правосудството има три интегрални цели:

1. **Мапирање на правна рамка:** Анализата ќе идентификува и ќе оцени постојни меѓународни стандарди и инструменти, законски и подзаконски акти, стратегии за родова еднаквост, како и механизми за заштита од родово-заснована дискриминација и стереотипи. Целта е да се утврди степенот на усогласеност на националното законодавство со меѓународните стандарди и да се идентификуваат празнините во регулативата.
2. **Процена на перцепции:** Анализата ќе направи оцена на перцепциите за родови пристрасности и дискриминација во правосудството. На основа на собраните податоци, ќе се предложат конкретни мерки за воспоставување на внатрешни механизми за заштита од родови стереотипи и предрасуди со фокус на правосудството.
3. **Подигнување на свеста:** Целта е да се зголеми свеста за важноста на родовата еднаквост во правниот систем на Република Северна Македонија. Анализата ќе промовира инклузивност меѓу сите учесници во правосудството и ќе предизвика позитивни промени во ставовите и практиките, со цел да се создаде правен систем што ги штити правата на сите поединци и да поттикне социјални реформи за отстранување на родовите нееднаквости.

## 1.2. Структура на анализата



# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата беше развиена во консултативен процес, со цел да се овозможи идно спроведување на препораките од анализата. ЦПИА воспостави средби со релевантните институции и чинители во правосудниот систем, со цел нивно учество и консултации во сите фази од проектот и спроведувањето на анализата, пред сè со Министерството за правда, Судскиот совет на РСМ, Советот на јавни обвинители на РСМ, Здружението на судии и Здружението на јавни обвинители. Анализата ја спроведоа тројца национални експерт(к)и, водени и поддржани од тимот на ЦПИА. Анализата и процесот на подготовка на анализата беа водени на македонски јазик.

Користените методолошки техники обезбедуваат и квантитативни и квалитативни податоци, кои придонесуваат во решавање на прашањата што се разгледуваат:

## А. ИСТРАЖУВАЊЕ

Анализата во овој дел вклучи:

- **Анализа на меѓународната правна рамка** [Обединети нации (ОН), Совет на Европа, ОБСЕ и рамката на ЕУ]. Во овој дел особено ќе биде истакната Конвенцијата за елиминација на дискриминацијата врз жените (ЦЕДАВ), препораките на ЦЕДАВ за земјата и генералните препораки за пристап до правда и родово-засновано насилство, Агендата за одржлив развој на ОН со фокус на целите за одржлив развој 5 и 16, препораките на специјалниот известувач за независноста на судиите и адвокатите, Европската конвенција за човекови права, заложбите на ОБСЕ со фокус на Љубљанските критериуми и Акцискиот план за родова еднаквост на ОБСЕ.

- **Анализа на националната законска рамка** (Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за судовите, Закон за јавното обвинителство, Закон за Судскиот совет, Закон за Советот на јавни обвинители, Закон за судска служба, Закон за адвокатурата, Закон за Академијата за судии и јавни обвинители). Анализа на Развојната секторска стратегија за правосудство, стратегија за родова еднаквост, стратегија на Академијата за судии и јавни обвинители, интерни документи на соодветните институции.

- **Анализа на податоци** (барања за статистички податоци ќе бидат испратени до Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Адвокатската комора) и веќе објавени податоци од извештаи од релевантните институции (Судски совет, Совет на јавни обвинители, Адвокатска комора, Академија за судии и јавни обвинители).

- **Анализа на податоци од МАКСтат базата на ДЗС** во однос на студенти на прв, втор и трет циклус на студирање на правните факултети во државата (според пол и етничка припадност).

- **Анализа на извештаи** од меѓународни и национални граѓански организации, вклучувајќи ги и извештаите во сенка доставени до меѓународните тела кои вклучуваат наоди и препораки од областа на правосудството, анкети за пристап до правда, вклучувајќи извештаи за пристапноста на институциите на правосудниот систем, извештаи за состојбата на одредени ранливи групи, вклучително и извештаи на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и канцеларијата на Народниот правобранител, извештаи за мониторинг на судски постапки.
- **Функционална анализа за правосудство** и процена за родот и различно-стите на Академијата за судии и јавни обвинители.
- **Програми за обука и наставни програми** (да се идентификува степенот на вклучување на родот и различноста во професионалното образование и обука за судии и обвинители).

## Б. ИНТЕРВЈУА

Интервјуата, како методолошка алатка, беа користени за **собирање на квалитативни податоци**, односно информации, мислења и препораки за фактичката состојба со законодавната рамка, потребата од промени, постојниот јаз во имплементацијата и потребата од понатамошно зајакнување на системот за поддршка на жените и жртвите на родово-заснована дискриминација во правосудните институции.

Спроведени беа интервјуа преку полуструктурирани прашања со претставници/чки од правосудниот систем, внимавајќи да има застапеност од сите нивоа во хиерархијата на правосудниот систем, од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, но и од групата на судии поротници и судски и јавнообвинителски службеници/чки. Понатаму, методологијата предвидува застапеност и по основа на пол, етничка припадност, возраст и години на работно искуство и попреченост.

- **Б1. Етика**
  Во однос на етиката, за време на сите интервјуа се почитуваа **стандардите за анонимност** и доверливост, но и специфичните **стандарди што се однесуваат на истражувања што опфаќаат теми поврзани со родово-заснована дискриминација и насилство,** каде што генералните принципи предвидуваат интервјуата да се вршат жена со жена и маж со маж и да се родово-сензибилизирани.

- **Б2. Анонимност**
  Експерт(к)ите пристапија до сите лица **доверливо**. Учесниците беа информирани за доброволната природа на нивното учество, вклучувајќи ја анонимноста на нивните лични информации. Информациите добиени преку интервјуата ќе бидат прикажани на начин што нема да посочува на идентитетот на интервјуираното лице.

## В. ПРАШАЛНИК ЗА АНКЕТА

Со цел да се оцени постоењето и големината на родовата дискриминација во професионална средина на судиите и јавните обвинители беше спроведена анкета преку онлајн-прашалник. Анкетата ги истражува перцепциите на судиите и јавните обвинители (согледани предрасуди, стереотипи итн.), перцепциите и искуствата во процесот на регрутирање и избор – назначување/избор на судии и јавни обвинители (вклучувајќи ја правната рамка и критериумите за избор, составот на комисијата за избор, различноста во тие панели, доколку е применливо), промоција и задржување во судството, постоењето на родови пристрасности и сексизам и примери на нивно манифестирање, колку прашањата поврзани со родот се вклучени во континуираната обука и образованието, како и согледување на условите за работа, особено од аспект на родовата еднаквост.

Анкетата беше доставена до судиите и јавните обвинители преку здруженијата на судии и јавни обвинители.

## Г. ФОКУС-ГРУПА

Методологијата вклучи спроведување и на една фокус-група преку развиен водич и прашања за фокус-група **со медиуми и здруженија на граѓани кои следат судски постапки,** со цел да се видат искуствата и перцепциите на чинителите кои не се директно вклучени во судските постапки и правосудниот систем, но го следат текот на судските постапки, обезбедуваат бесплатна правна помош и имаат информации и перцепции во однос на постоењето на родови стереотипи и предрасуди.

Графички приказ на бројот на судии, ЈО, судска и јавно-обвинителска служба, невладини организации и медиуми вкучени во истражувањето за потребите на анализата



# 3. ПРАВНА РАМКА

Правната рамка се состои од три дела:

I. **Првиот дел** содржи мапирање и правна процена на меѓународното и националното законодавство со цел да се обезбеди јасна систематизација на релевантната регулатива што ја промовира родовата еднаквост и борбата против родовите стереотипи и предрасуди;

II. **Вториот дел** се осврнува на принципите што ја засноваат заштитата на родовата еднаквост, а кои произлегуваат од праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Авторите се потрудија да селектираат и да анализираат неколку релевантни случаи на темата што се обработува. Јазикот користен во овој дел е јасен и едноставен, притоа задржувајќи ја легалистичката прецизност и доследност на аргументацијата на ЕСЧП. Тие целат да дадат увид во преседани што влијаат на националните закони и политики, зајакнувајќи ја посветеноста на родовата еднаквост во Република Северна Македонија;

III. **Третиот дел** се сосредоточи на презентирање матрица за оцена дали се донесени и објавени предвидените стратегии, планови и програми и дали нивното спроведување има соодветен надзор. Оваа матрица или „Семафор за усогласеност“ е алатка што треба визуелно да ги прикаже состојбите со родовата еднаквост во три области: формална и функционална усогласеност на домашната легислатива, родово-одговорно буџетирање и запазување на родовите аспекти во кариерниот пат на жените во правосудството.

## 3.1. Меѓународна правна рамка

### ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ

- **Повелба на Обединетите нации**

  Повелбата на Обединетите нации од 1945 година ги афирмира еднаквите права на мажите и жените уште во својата преамбула.[5] Ова е првиот меѓународен документ со кој се признава еднаквоста на жените и мажите и кој ги делимитира насоките за сите меѓународни инструменти, поставувајќи го овој принцип да се доразработува на ниво на регионални правни поредоци, но и во рамките на домашните правни поредоци.

- **Универзална декларација за човекови права**

  Начелото за „родова еднаквост“ потоа се потврди и во Универзалната декларација за човекови права во 1948 година. Декларацијата преку афирмација на „еднаквите права на мажите и жените“ го декларира и го трасира патот за зајакнување на меѓународните заложби во областа на обезбедување еднаквост на правата помеѓу родовите.

5 Повелба на ОН, Преамбула, „(...) во достоинството и во вредноста на човечката личност, во рамноправноста меѓу мажот и жената како и на сите нации, големи и мали...“

- **Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ)**

  ЦЕДАВ претставува своевиден Устав на ниво на меѓународно право од суштинско значење за заштитата и спречувањето на дискриминацијата кон жените. Како резултат на доразработка на принципите поставени со Повелбата на ОН, Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) од 1979 година содржи „повелба на правата“ на жените, со што се дефинира што претставува дискриминација на жените, а воедно и се утврдува агенда за национално дејствување за да се стави крај на дискриминирачките дејства кон оваа целна група.

  Конвенцијата ги спојува во единствен правно-обврзувачки инструмент одредбите со кои се бара елиминација на дискриминацијата врз основа на пол при уживањето на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права и конкретните права од особено значење за жените и девојките. Со оваа конвенција државите се обврзуваат на подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Република Северна Македонија е членка на ЦЕДАВ од 1994 година како сукцесор на поранешна Југославија, која ја ратификувала во 1982 година.

  Со цел да се обезбеди и правна заштита, Обединетите нации на десетти декември 1999 година го донесуваат Факултативниот протокол кон Конвенцијата, кој овозможува механизам за заштита на правата на жените и девојчињата загарантирани со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Оваа конвенција, преку барањето националните законодавства да ги приспособат своите правни поредоци и практики кон духот и одредбите на Конвенцијата, но и преку практиката што ја создава преку механизмот на комуникации, претставува еден од најважните инструменти од областа на родовата еднаквост на светско ниво. Последниот извештај за Република Северна Македонија е од 2018 година.[6]

- **Виенска декларација и Програма за акција**

  Оваа декларација од 1993 година потврдува дека човековите права на жените и на девојчињата се неотуѓив, интегрален и неделив дел од универзалните човекови права. Согласно декларацијата, целосното и еднаквото учество на жените во политичкиот, граѓанскиот, економскиот, социјалниот и културниот живот на национално, регионално и меѓународно ниво и искоренување на сите форми на дискриминација во однос на полот треба да претставуваат приоритетни цели на меѓународната заедница.

---

6 Committee on the Elimination of Discrimination against Women. Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia. Adopted by the Committee at its seventy-first session (22 October – 9 November 2018), https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n18/378/27/pdf/n1837827.pdf.

- **Платформата за акција од Пекинг**

  Платформата за акција од Пекинг, донесена на Четвртата светска конференција за жените во 1995 година, претставува значаен чекор кон промоција на родовата еднаквост и овластување на жените на глобално ниво. Оваа платформа е целосен документ што содржи стратешки цели и мерки за дејствување во различни области, вклучувајќи образование, здравство, економски развој и политичко учество.

  Клучен аспект на платформата е интегрирањето на родовата перспектива во сите области на животот. Ова подразбира прифаќање на фактот дека родот не е само социјален или културен конструкт туку и важен фактор што влијае на сите аспекти на општеството. Интегрирањето на родовата перспектива значи дека сите политики, програми и иницијативи треба да бидат дизајнирани и реализирани преку призмата на влијание врз жените и мажите.

- **Агенда за одржлив развој 2030 на ОН**

  Агендата за одржлив развој 2030, донесена од Генералното собрание на Обединетите нации во 2015 година, претставува амбициозен план за подобрување на животот на сите луѓе и заштита на планетата. Овој документ се состои од 17 глобални цели за одржлив развој што се интегрирани и неразделни. Меѓу нив, цел број 5 се сосредоточува на постигнување на родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња.

  Цел број 5 не само што ја нагласува важноста на родовата еднаквост туку и бара конкретни мерки за елиминирање на насилството и дискриминацијата врз жените. Ова вклучува подобрување на пристапот до образование, здравствени услуги и економски можности. Агендата повикува на интегрирање на родовата перспектива во сите области на развојот, како што се економија, политика, животна средина и општествени прашања.

- **Резолуција 1325 на Советот за безбедност на ОН**

  Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации, донесена во 2000 година, е значаен документ што поставува основа за глобалната Агенда за жени, мир и безбедност. Оваа резолуција ја признава важноста на учеството на жените во сите аспекти на миротворството и безбедноста, нагласувајќи дека жените мораат да бидат активно вклучени во процесите на донесување одлуки за време на конфликти и по нив, во процесите на градење на мирот.

  Превенцијата на насилството и осигурувањето на безбедноста на жените во конфликтни ситуации се исто така централни точки на резолуцијата. Таа бара од државите да развијат стратегии и политики што ќе ги заштитат жените и девојчињата од насилство и ќе им обезбедат безбедно опкружување.

## СОВЕТ НА ЕВРОПА

- **Европска конвенција за човекови права**

Од Советот на Европа, најмаркантен документ е секако Европската конвенција за човекови права и слободи. Конвенцијата и нејзината интерпретација преку правните ставови и мислења изразена во пресудите на ЕСЧП претставува директен извор на право и во нашиот домашен правен поредок.

Протоколот бр. 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права е особено важен затоа што пропишува генерална забрана на дискриминација и ја зајакнува и проширува постојната одредба за недискриминација, содржана во член 14 на Конвенцијата. Особено важно и произлезено од интерпретацијата на Конвенцијата од страна на ЕСЧП е тоа што член 14 не е самостоен член *пер се*, туку често се врзува со други членови на Конвенцијата, што впрочем произлегува и од неговата содржина.[7]

- **Истанбулска конвенција**

Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, позната како Истанбулска конвенција, е значаен меѓународен документ донесен од Советот на Европа во 2011 година. Република Северна Македонија ја ратификува во 2018 година и врз основа на ратификацијата, Владата донесе амбициозен Акциски план за имплементација на Конвенцијата за периодот 2018-2023. Оваа конвенција претставува прва меѓународна правна рамка што се сосредоточува на спречувањето на насилството врз жените и семејното насилство, ставајќи ја жртвата во фокус *(victim centered approach)* и го воведува принципот на должно внимание *(due diligence)*.

- **Акти на Европската унија**

Европската унија (ЕУ) активно го поддржува интегрирањето на родовата перспектива како централна стратегија за постигнување на родова еднаквост во сите области на политиката. Овој пристап се потпира на долгогодишната традиција на ЕУ во промоцијата на правата на жените и родовата еднаквост, која е втемелена во основните европски договори.

Во 1999 година, Договорот од Амстердам ја зајакна оваа обврска, вклучувајќи промоција на еднаквоста меѓу мажите и жените како клучен аспект на европската интеграција. Овој договор не само што ја потврди посветеноста на ЕУ за елиминација на дискриминацијата туку и постави основа за развој на различни иницијативи и програми за поддршка на родовата еднаквост, при процесите на интеграција.

---

7 ЕКЧП, член 14, Забрана на дискриминација.
Уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција, ќе се обезбеди на сите без дискриминација, без оглед на пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, сопственост, род или друг статус.

## 3.2. Национална правна рамка

- **Устав на Република Северна Македонија**

  Уште од донесувањето во 1991 година, овој темелен документ содржи одредби во однос на основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Во делот на граѓански и политички слободи и права утврдено е дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба“. Со наведените одредби се утврдува принципот на рамноправност и се гарантираат еднакви права независно од полот.

- **Закон за еднакви можности на жените и мажите**

  Законот за еднакви можности на жените и мажите[8] година ги регулира основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности меѓу мажите и жените. Опфатот на овој закон е проширен во делот на списокот на ситуации во кои може да се појави дискриминација, регулирајќи ја дискриминаторската основа.

  Законот за еднакви можности на жените и мажите има цел воспо-ставување на еднакви можности за жените и мажите во сите области од општествениот живот. Од областа на работните односи и работничките права, Законот ја забранува, меѓу другото, и половата дискриминација и половото и сексуалното вознемирување во областите на трудот и вработувањето и го гарантира правото на секој граѓанин на пристап до вработување без какви било ограничувања и без дискриминација врз основа на брачниот и семејниот статус.

- **Закон за спречување и заштита од дискриминација**

  Законот за спречување и заштита од дискриминација[9] ги забранува сите форми на дискриминација врз каква било основа, вклучувајќи го родот, полот и семејната или брачната состојба во сите области, како и работата и работните односи. Интересно, покрај директните форми на дискриминација, предмет на овој закон се и индиректните форми, со што спаѓа во редот на прописи што широко ја толкува дискриминацијата кога таа е на штета на физичките и правните лица. Законот се повикува и на забрана на поттикнување дискриминација и помагање во дискри-минаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.[10]

---

8 Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија“, бр. 166/2014) et seq.

9 Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 50/2010).

10 Ibid.

- **Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство**

  Со овој закон[11], практично се проширува системот на превенција и заштита од сите облици на родово-засновано и семејно насилство, во согласност со стандардите од Истанбулската конвенција.

  Законот подетално се осврнува на тоа што претставува насилство врз жените, го препознава насилството врз жените како родово-засновано насилство и ги дефинира различните видови насилство, кои се дефинирани и во Истанбулската конвенција.

- **Кривичен законик**

  Кривичниот законик, како еден од темелните прописи, значително ги тангира прашањата на родовата еднаквост. Тоа се прави и преку Општиот дел, но особено во Посебниот дел преку пропишувањето на посебните кривични дела.

  Интервенциите во Кривичниот законик во последните години заради употреба на родово-сензитивен речник, наспроти родово-неутралниот, кој беше повеќе во употреба, и со вметнување на родовата перспектива, воведе гаранции дека родовите димензии се земени предвид во дефинирањето на кривичните дела и постапките за спроведување на овој закон.

  Посебно е издвоено во рамките на законот, односно значењето на поединечни изрази на родово-заснованото насилство, кое се дефинира пред определување на што е жртва на такво насилство и, согласно КЗ, како жртва на родово-засновано насилство се подразбира секоја жена и девојче до 18 години според кои под тие околности е сторено кривичното дело.

- **Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 година**

  Стратегијата за родова еднаквост за 2022-2027 година на Република Северна Македонија е клучен документ што има цел да ги унапреди правата на жените и да се справи со родовата нееднаквост во земјата. Оваа стратегија е дел од напорите на владата да создаде општество во кое сите граѓани, без разлика на род, имаат рамноправен пристап до можности и ресурси. Стратегијата вклучува повеќе области на акција, како што се економска независност на жените, учество во донесувањето одлуки, заштита од насилство и поддршка на женското здравје. Главна цел е да се поттикне активното учество на жените во сите сфери на животот, особено во политиката и економијата, преку специјализирани програми и иницијативи. Клучен аспект на стратегијата е зајакнување механизми за заштита од насилство, вклучително и подобрување на услугите за жртвите. Ова вклучува развој на образовни програми за свест и превенција, како и подобрување на правната рамка за заштита на жени и девојчиња од насилство. Со донесување на оваа стратегија, Република Северна Македонија се стреми кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски, препознавајќи дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитет на целото општество.

11 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.01.2021 година).

## 3.3. Јуриспруденцијата на ЕСЧП по однос на прашањата за родова еднаквост

### ВОВЕД

Родовите стереотипи често ги поттикнуваат дискриминаторските практики со примена на ригидни норми за тоа како поединците треба да се однесуваат врз основа на нивниот род и пол. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) отсекогаш претставувал главен двигател во промовирањето на родовата еднаквост и борбата против родовите стереотипи и предрасуди. ЕСЧП има развиено значителна судска пракса што ги таргетира прашањата поврзани со родовата еднаквост, особено според **член 14 од ЕСЧП** (забрана на дискриминација) во корелација со други права, како што е **член 8** (почитување на приватниот и семејниот живот), **член 3** (забрана на мачење, односно на нечовечко или понижувачко постапување) и **член 6** (право на правично судење). Пресудите на Судот во оваа област се од суштинско значење за поставување стандарди за родова еднаквост и за укинување на долгогодишните стереотипи и предрасуди што ја устоличуваат дискриминацијата.

Подолу, на јасен и едноставен начин се елаборирани дел од најважните случаи што ја тангираат оваа област. Овие случаи ја одразуваат тековната заложба на Судот да се осигури дека поединците нема да бидат третирани поинаку врз основа на застарени и штетни стереотипи засновани на родот на кој припаѓаат тие[12].

#### 1. Konstantin Markin v. Russia (2012)[13]

Случајот **Константин Маркин против Русија** е значајна пресуда во контекст на родовата еднаквост, особено во однос на поделбата на родителските одговорности. Константин Маркин, воен службеник, побарал родителско отсуство за да се грижи за своето дете по разводот, право што им се дава само на женските воени лица во Русија. Неговото барање било одбиено врз основа на неговиот род.

Маркин тврдел дека негирањето на правото на родителско отсуство го прекршило **член 14 (забрана за дискриминација)** во врска со **член 8 (почитување на приватниот и семејниот живот)**. ЕСЧП пресудил во негова корист, наведувајќи дека Русија ги прекршила неговите права со овековечување на стереотипот дека грижата за децата е првенствено одговорност на жената. Судот нагласил дека родовите разлики во законот се дискриминаторски кога ги зајакнуваат

12 Постојат и други интересни случаи кои ја адресираат оваа проблематика, но во рамките на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација против жените. Такви случаи се Napotnik v Romania, Application no. 33139/13 и D.S v Slovakia, Communication no. 66/2014.

13 Konstantin Markin v. Russia [GC] – 30078/06, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22002-120%22]}.

традиционалните родови улоги без легитимно оправдување. Оваа пресуда беше значајна во оспорувањето на традиционалните стереотипи согласно кои мажите не треба да бидат вклучени во обврските поврзани со грижа за своите деца.

## 2. Emel Boyraz v. Turkey (2015)[14]

**Емел Бојраз против Турција** е клучен случај во решавањето на родовата пристрасност при вработувањето. Емел Бојраз била отпуштена од работата како службеник за обезбедување во државна компанија за електрична енергија, исклучиво поради нејзиниот род. Турските власти тврделе дека нејзиното отпуштање било засновано на безбедносни грижи, бидејќи работата се сметала за „несоодветна“ за жените, што вклучува физички барања што традиционално се поврзуваат со мажите.

ЕСЧП утврдил дека Турција го прекршила **член 14** во врска со **член 8**. Судот пресудил дека Бојраз била дискриминирана врз основа на род и пол, а нејзиното отпуштање е вкоренето во застарени стереотипи за физичките способности на жените. Пресудата истакна дека одлуките за вработување не треба да се засноваат на родови стереотипи, туку на способноста на поединецот да ги извршува задачите што ги бара работата. Судот повтори дека одлуките засновани на генерализирани претпоставки за родовите улоги, наместо на индивидуалните квалификации, се некомпатибилни со принципите на Европската конвенција за заштита на човековите права. Овој случај го зајакна принципот дека родовата еднаквост мора да се одржува на работното место, без претпоставки за женските и машките капацитети засновани на стереотипи.

## 3. Carvalho Pinto de Sousa Morais v. Portugal (2017)[15]

Случајот на **Карваљо Пинто де Соуса Мораис против Португалија** се осврнува на пресекот на родовата предрасуда и здравствената заштита. Жалителот, 50-годишна жена, претрпела компликации по операција, што резултирало со губење на сексуалната функција. Кога таа тужела за барање на отштета, португалскиот Врховен административен суд го намалил надоместокот, тврдејќи дека нејзината возраст и фактот што е жена ја намалиле важноста на сексуалната активност во нејзиниот живот.

ЕСЧП пресудил дека ова образложение се заснова на дискриминаторски стереотипи и претставува повреда на **член 14** во врска со **член 8**. Судот ја критикуваше претпоставката на пониските суд дека сексуалната активност е

14 CASE OF EMEL BOYRAZ v. TURKEY (Application no. 61960/08). https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-148271%22]}.

15 CASE OF CARVALHO PINTO DE SOUSA MORAIS v. PORTUGAL (Application no. 17484/15). https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-175659%22]}.

помалку значајна за постарите жени и нагласи дека одлуките за компензација не треба да бидат под влијание на претпоставки засновани на род и пол. Оваа пресуда нагласи дека судовите мораат да избегнуваат овековечување на родовите стереотипи, особено во контекст на здравјето и личното достоинство, и таа постави значителен преседан во областа на родовата пристрасност во здравствената заштита и правото на правичен надоместок.

### 4. Abdulaziz, Cabales and Balkandali v. the United Kingdom (1985)[16]

Во **Абдулазиз, Кабалес и Балкандали против Обединетото Кралство**, апликантите биле три жени на кои им била одбиено барањето за обединување со нивното семејство, односно сопрузи на кои не им било дозволено да им се придружат во Обединетото Кралство. Апликантките тврделе дека на мажите во слични околности генерално им биле одобрени барањата за обединување со нивните сопруги. Жените тврделе дека оваа разлика во третманот претставува родово-заснована дискриминација.

ЕСЧП утврдил дека со дејствата државата го прекршила **член 14** во врска со **член 8**, бидејќи немало легитимно оправдување за различно постапување со мажите и жените во прашањата за обединување на семејството. Судот го осудил двојниот стандард што е длабоко вкоренет во застарените идеи и сфаќања за традиционалните улоги на мажите и жените во семејството. Овој случај беше меѓу првите што цврсто се осврна на родово-заснованата дискриминација во Законот за имиграција и укажа дека родовата еднаквост треба да биде фундаментален принцип врз основа на кој треба да се водат политиките што влијаат на остварување на правото на семејниот живот.

### 5. Ēcis v. Latvia (2019)[17]

Случајот **Ечис против Летонија** се засновал на тврдењето на затвореник дека неправедно му била ускратена можноста да присуствува на погребот на неговиот татко. Оваа ситуација настанала според летонскиот закон, кој ги регулирал затворските режими на начин што се сметал за дискриминаторски кон машките затвореници.

Затвореникот тврдел дека законодавството ги фаворизира затворени-чките со тоа што им дава поголеми права да присуствуваат на значајни семејни настани, вклучително и погреби. Тој тврдел дека овој различен третман ги нарушува неговите права, особено според Европската конвенција за човекови права, која го штити правото на семеен живот.

16 CASE OF ABDULAZIZ, CABALES AND BALKANDALI v. THE UNITED KINGDOM (Application no. 9214/80; 9473/81; 9474/81), https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-57416%22]}.

17 Ēcis v. Latvia – 12879/09. Information Note on the Court's case-law 225, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22002-12298%22]}.

Судот оценил дека има повреда на член **14 (забрана за дискриминација)** во врска со **член 8 (почитување на приватниот и семејниот живот).** Судот утврдил дека мажите и жените кои извршиле тешко кривично дело и добиле иста казна биле третирани различно. Мажите автоматски биле ставани во највисока безбедносна категорија и држени во строги затвори, додека жените биле сместувани во помалку рестриктивни затвори. Законот му оневозможил на апликантот да присуствува на погребот, додека жена би добила таква можност. Во конкретниот случај воопшто немало индивидуална процена за пропорционалноста на таквата забрана и тој претрпел дискриминација што била во спротивност со Конвенцијата.

## 6. Rantsev v. Cyprus and Russia (2010)[18]

**Ранцев против Кипар и Русија** е клучен случај во контекст на родовите стереотипи и дискриминација, особено што се однесува на трговијата со луѓе и третманот на жените во сексуалната индустрија. Случајот се однесува на Оксана Ранцева, млада Русинка, која била жртва на трговија со луѓе и пронајдена мртва во Кипар под сомнителни околности. Нејзиниот татко тврдел дека и Кипар и Русија не успеале да ја заштитат нејзината ќерка и соодветно да ја истражат нејзината смрт.

Одлуката на ЕСЧП ги истакна родовите димензии на трговијата со луѓе и експлоатацијата. Жените, особено од ранливите средини, често се несразмерно погодени од трговијата со луѓе, водени од општествени и економски фактори. Случајот расветли како вкоренетите родови стереотипи можат да доведат до објективизација на жените и нивна маргинализација во општеството. Трагичната приказна на Оксана ја подвлече идејата дека жените во сексуалната индустрија често се гледаат низ објективот на стигмата, што ги прави цели на експлоатација и насилство.

Судот утврди дека двете држави ги прекршиле правата на Оксана според Европската конвенција за човекови права, особено **член 2 (право на живот) и член 4 (забрана на ропство и принудна работа).** Тој ги нагласи обврските на државите да ја спречат трговијата со луѓе и да ги заштитат поединците од родово-базирано насилство и експлоатација. Пресудата потврди дека нерешавањето на овие прашања ги продолжува штетните стереотипи што ги гледаат жените како предмети, наместо како индивидуи со права. Пресудата ја зајакна идејата дека државите имаат обврска да преземат проактивни мерки за заштита на жените од експлоатација и да обезбедат еднакво спроведувањето на законот без родова пристрасност.

18 CASE OF RANTSEV v. CYPRUS AND RUSSIA (Application no. 25965/04), https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-96549%22]}.

### 7. Opuz v. Turkey (2009)[19]

Случајот **Опуз против Турција** е еден од позначајните во контекст на домашното насилство и недостатокот на институционална респонзивност и механизми за заштитата на жените. Во конкретниот случај, жена која била предмет на долгогодишно семејно насилство се обраќала на полицијата и правосудството, но државните институции не успеале да обезбедат соодветна заштита или да ја санкционираат насилната постапка. Насилството траело неколку години, со многубројни пријави и инциденти, но државата не презела ефективни мерки. Ова отсуство на адекватна заштита ја илустрира институционалната неефикасност и длабоко вкоренетите родови стереотипи што често водат до минимизирање на сериозноста на насилството врз жени.

ЕСЧП утврдил повреда на **14 (забрана за дискриминација)** во врска со **член 2 и 3** од Конвенцијата и нагласил дека државите мораат да ги преиспитаат своите политики и да ги елиминираат предрасудите што ги нормализираат и легитимизираат актите на насилство. Ова вклучува промена на стереотипите што ја третираат жената како зависна или подредена. Резултатот од овој случај доведе до поголема свест и побарани законски реформи во Турција, со цел да се подобри заштитата на жените и да се поттикне култура на нулта толеранција кон насилството. Пресудата е важен чекор напред во борбата против родовите стереотипи, поддржувајќи ја идејата дека родовата еднаквост не е само индивидуален проблем туку и општествена обврска.

## 3.3.1. ЗНАЧЕЊЕ НА ЕСЧП ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) игра клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост низ Европа. Со толкување и спроведување на Европската конвенција за човекови права, Судот се справува со дискриминацијата и гарантира дека земјите-членки ги штитат правата на жените и стандардите за родова еднаквост. Големиот број значајни пресуди помогнаа во борбата против насилството врз жените, промовирањето на еднакви можности за мажите и жените и оспорувањето на дискриминаторските практики во различни сфери, вклучително и при вработувањето и семејното право. Одлуките на ЕСЧП не само што обезбедуваат правни лекови за поединци туку и поставуваат преседани што влијаат на националните закони и политики, зајакнувајќи ја посветеноста на родовата еднаквост низ Европа. Преку својата јуриспруденција, Судот поттикнува поширока културна промена кон препознавање и справување со родово-заснованата дискриминација.

19 CASE OF OPUZ v. TURKEY (Application no. 33401/02), https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-92945%22]}.

Конвенцијата како дел од нашиот правен поредок ги поставува стандардите за човекови права, вклучувајќи ја и родова еднаквост. Македонските закони и политики треба да се конзистентни со оваа правна рамка, а одлуките на ЕСЧП треба да се земат како пример и стремеж за отстранување на родовите нееднаквости што постојат во нашето општество.

## 3.4. Семафор на усогласеност

Законодавниот процес е главна влезна точка за вклучување на родовите перспективи и подготовка на родово-одговорни закони, дефинирање на родово-сензитивни индикатори за мерење на ефектите од примената на законските прописи, како и следење и оцена на резултатите од имплементацијата на родово-одговорните мерки и активности. Законодавниот процес создава платформа за дијалог за прашања што се важни во општеството и може да поттикне изразување на повеќе гласови и перспективи. Така, овој процес може да претставува ефективно средство за промоција на родова еднаквост, вредности и принципи. Оттука, со цел да се прикаже степенот на вклученост на родовите перспективи во нашето постојно законодавство, подолу е прикажана табела во која е направена кратка анализа за формалната и функционалната усогласеност на домашната легислатива со меѓународните стандарди, родово-одговорно буџетирање и запазување на родовите аспекти во кариерниот пат во правосудството. Притоа, **зелената** боја укажува на целоста усогласеност, **жолтата** на делумна усогласеност, додека **црвената** боја укажува на целосна неусогласеност и неисполнување на меѓународните стандарди.

| 1. ЛЕГИСЛАТИВА | Формална усогласеност | | | Функционална усогласеност | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ✗ | +− | ✓ | ✗ | +− | ✓ | |
| Закон за спречување и заштита од дискриминација | | | ✓ | | | ✓ | Експерти за родова еднаквост се консултирани во подготовка на законот. Родовите аспекти се интегрирани во овој закон. Законот ја промовира родовата еднаквост и предвидува казни за дискриминација врз основа на род. |
| Закон за еднакви можности на мажите и жените | | | ✓ | | | ✓ | Законот ги регулира основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности меѓу мажите и жените. Законот ја забранува родовата дискриминација во областите на трудот и вработувањето. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Закон за заштита од вознемирување на работно место | | | ✓ | | +− | | Закон ги регулира правата, обврските и одговорностите на работодавачите и вработените во врска со спречување на психичко и полово вознемирување на работното место. |
| Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство | | | ✓ | | | ✓ | Со овој Закон се проширува системот на превенција и заштита од сите облици на родово базирано и семејно насилство, во согласност со стандардите од Истанбулската конвенција. |
| Кривичен законик | | | ✓ | | | ✓ | Кривичниот законик, ги тангира прашањата на родовата еднаквост. Тоа се прави преку општиот дел но особено во посебниот дел преку пропишувањето на посебните кривични дела. |
| Закон за судовите | | +− | | | +− | | Во законот јасно се афирмираат и ги потенцираат еднаквоста, непристрасноста и недискриминацијата како базични начела во устројството на судството. |
| Закон за јавното обвинителство | | +− | | | +− | | Номотехнички во законот нема родова компонента. |
| Закон за судска служба | | +− | | | +− | | Родовите аспекти не се експлицитно интегрирани во овој закон. |
| Закон за јавнообвинителска служба | | +− | | | +− | | Родовите аспекти не се експлицитно интегрирани во овој закон. |
| Процесни закони (ЗКП, ЗПП, ЗОУП) | | | ✓ | | +− | | Процесните закони имаат одредени специјални одредби за заштита. ЗКП предвидува Посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал. |
| Закон за работни односи | | | ✓ | | +− | | Номотехнички во законот нема родова компонента. |
| Закон за бесплатна правна помош | | | ✓ | | +− | | Законот предвидува и примарна правна помош, во која меѓу другите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство. |
| Пристап до правда и правни механизми за заштита | | | ✓ | | +− | | Во пракса понекогаш пристапот до правда е инхибиран но не секогаш поради немање на капацитети или институции. |
| Меѓународно правни инструменти (CEDAW, Истанбулска конвенција итн.) Примена на меѓународни стандарди | | | ✓ | | +− | | РСМ е потписник на релевантните конвенции од оваа област. Иако дел на домашниот правен поредок, меѓународните стандарди и особено јуриспруденција на ЕСЧП недоволно се применува. |

| 2. Финансии | Формална усогласеност | | | Функционална усогласеност | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ✗ | +− | ✓ | ✗ | +− | ✓ | |
| Обезбедување на финансиски средства | | | ✓ | | +− | | Во праксата финансиски средства недоволно се алоцираат за да ја адресираат оваа димензија. |
| Родово одговорно буџетирање | | | ✓ | | +− | | De lege lata постои принцип на вакво буџетирање праксата има предизвици со спроведување. |
| 3. Родова еднаквост во контекст на вработување /избор, кариерен пат во правосудството | Формална усогласеност | | | Функционална усогласеност | | | Забелешка |
| | ✗ | +− | ✓ | ✗ | +− | ✓ | |
| Сензибилизација | | +− | | | +− | | Сеуште постојат стереотипи кои треба да се надминат, потребни се обуки за сензибилизација. |
| Интерсекционалност | | +− | | | +− | | Ромите, лицата со попреченост и маргинализирани групи не се соодветно застапени. |
| Механизми на Заштита од Родово-заснована дискриминација | | | ✓ | | +− | | Формално постојат, но во пракса понекогаш се неефикасни или не се спроведувзат. |
| Безбедност | | | ✓ | | +− | | Особено во кривичната материја, безбедноста има родова димензија. |
| Прераспоредување, санкции и разрешување | | | ✓ | | +− | | Личните и семејните причини не се земаат доволно во предвид при носењето вакви овие одлуки, иако условите формално се за сите исти. |

## 3.5. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПРАВНА РАМКА

- Република Северна Македонија е потписник или сукцесор на конвенциите од областа на родовата еднаквост, заштитата од насилство и дискриминација, а со зацртаната стратешка цел за членство во Европската унија ги има донесено и нејзините принципи, кои **понатаму ги разработува во рамките на домашниот правен поредок**.

- Уставната рамка обезбедува значителни гаранции за родова еднаквост, како во темелните вредности, така и во нормативниот дел. Сепак, **недоволно е имплементирана родовата компонента во клучните закони, како Законот за судови, Законот за јавното обвинителство, Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба.**

- Утврдена е **недоволна финансиска поддршка за спроведување мерки за родова еднаквост.** Родово-одговорното буџетирање постои како обврска за институциите согласно Законот за буџетите што е донесен во септември 2022 година, но чија примена е предвидена да почне од први јануари 2025 година.

- **Праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)** игра клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост низ Европа. Сепак, таа наоѓа **слаба примена** во сентенциите на домашните судови генерално, особено во случаи со родово-заснованата дискриминација.

# 4. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

## Оваа анализа има неколку клучни цели:

1. **Идентификација на родовиот паритет:** Процена на бројот на жени во правното образование и соодносот на жени-мажи во програмите на правните факултети, магистерските и докторските студии и АСЈО.
2. **Разбирање на бариерите:** Истражување на можните бариери и предизвици со кои се соочуваат жените при влегувањето и напредувањето во правосудниот систем.
3. **Следење на напредокот:** Оцена на напредокот во родовата еднаквост во правосудството со текот на времето, со фокус на промените во образованието и вработувањето.
4. **Улога на образованието:** Анализа на трендови за влијанието на образованието врз кариерата на жените во правосудството.
5. **Оцена на степенот на застапеност на жените во различни сфери од правосудниот сектор:** Утврдување трендови во напредувањето на жените во кариерниот пат во судството, јавното обвинителство, адвокатурата.

# АНАЛИЗА НА ПРИБРАНИ ПОДАТОЦИ

***За целите на оваа студија се пристапи кон статистичка анализа со цел за утврдување на стапки но и трендови за:***



# СТУДЕНТИ НА ПРАВО ВО РСМ

## 1 ***Дипломирани студенти*** *на правните факултети во РСМ*

**Во РСМ акредитирани се следниве правни факултети:**

| ДРЖАВНИ | ПРИВАТНИ |
|---|---|
| Правен факултет при УКИМ – Скопје | Правен факултет при ФОН |
| Правен факултет при УКЛО – Битола | Универзитет Американ Колеџ |
| Правен факултет при УГД – Штип | МИТ |
| Правен факултет при ДУТ – Тетово | Меѓународен Славјански Универзитет |
| Правен факултет при ЈИЕ – Тетово | Меѓународен универзитет Визион |

*Во периодот*
**2016-2023**
*на правните факултети во државата*
**вкупниот број дипломирани правници изнесува**
**5166 студенти**




**од коиштo 2743 студенти биле од женски пол, 2423 биле мажи.**




## ТРЕНД

*Во секоја година од анализираниот период, со исклучок на 2017 и 2020 година, бројот на дипломирани студенти од женски пол бил повисок. Воедно, во последните три години се забележува тренд на зголемување на дипломираните правници од женски род.*

## ДРЖАВНИ VS. ПРИВАТНИ

*Значително е поголем бројот на студентки што дипломирале на државните универзитети*

*На приватните универзитети се забележува тренд на помал број дипломирани студенти од женски пол*

*Најголем е бројот и растечки тренд има кај дипломираните женски студенти Македонки, додека пак остар пад има кај жените Албанки од 2019 до 2023 година, но и кај мажите Албанци од 2020 до 2023 година.*

*Во истиот период, соодносот на дипломирани мажи и жени од српска и турска национална пропадност е скоро изедначен, кај Власите и Бошнаците овој соднос е во корист на жените (2:1) додека овој соднос но во корист на мажите е забележан кај припадниците на ромската заедница.*




# 2 ***Магистрирани студенти*** *на правните факултети во РСМ*

*Во периодот*

**2016-2023**

*на правните факултети во државата*

**вкупниот број магистрирани правници изнесува**

**2274 магистри**




**од коишто 922 студенти биле од машки пол, а 1352 биле од женски пол.**

*Во секоја година од анализираниот период бројот на магистрираните студенти од женски пол бил повисок, со континуирано нагорен тренд во последните три години.*




## ТРЕНД

*Постои тренд на пораст на магистрираните студенти Македонки. Во однос на магистрираните жени и мажи Албанци од 2020 година се забележува пад и речиси стагнација во поледните две години од анализираниот период.*

# 3 **Докторирани студенти** *на правните факултети во РСМ*

*Во периодот*

**2016-2023**

*на правните факултети во државата*

**вкупниот број доктори на правни науки изнесува**

# 99

**од коишто 51 се од машки пол, а 48 се од женски пол**







*За разлика од претходните графикони во однос на дипломирани и магистрирани студенти, се забележува дека нагорен тренд кај жените Албанки коишто докторирале постои во последните три години од анализираниот период, додека големи се осцилациите кај жените Македонки.*

# СЛУШАТЕЛИ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ- АСЈО

***Академијата за судии и јавни обвинители - АСЈО започна со работа во 2006 година***

*Од основањето до сега во Академијата имало*

**1515** *кадидати за прием во почетна обука*

**285** *примени слушатели*

**3318** *реализирани обуки.*




*Во текот на своето 15 годишно постоење, во Академијата обуката успешно ја имаат завршено 7 генерации со вкупно 188 слушатели. Бројот на слушатели е во постојан раст: Од 1ва генерација со 27 слушатели до последната 8ма генерација со најголем број слушатели до сега, вкупно 97.*

*Од 188 слушатели во 7 последователни генерации,* ***61.7% биле жени*** *додека* ***38.3% мажи.***











*Од вкупниот број слушатели,* ***76.1% биле Македонци, 17,6% Албанци, 2,1% Турци и 1,6% Власи.***

*Индикативно е што во сите 7 генерации нема кандидат претставник на Ромската етничка заедница. Гледано низ призма на родова распределба, соодносот на жени - мажи кај Македонците е 2:1, кај Албанците е 2:1 во корист на мажите, кај Турците бројот на слушатели мажи е 3:1 во однос на жените додека кај Власите 100% од слушателите биле припаднички на женскиот пол.*







*Од 188 слушатели,* ***избрани за судии биле 97*** *додека за* ***јавни обвинители 91***



# СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

## 1 *Полова и етничка структура* ***на судиите***

***Податоците за судиите според пол и етничка припадност беа добиени во соработка со Судскиот совет на РСМ и тоа состојба за периодот 01.01.2021-12.06.2024 година. Податоците ги опфаќаат активните судии, но и судиите на коишто им мирува работниот однос.***



**Од добиените податоци, може да се констатира дека во РСМ на 12.06.2024 година имало вкупно 383 судии од коишто 238 или 62% се од женски пол, а 145 или 38% се од машки пол.**

*Се забележува намалување на вкупниот број на судии за вкупно 100 судии во период од само три години.*

*Најголемо намалување има кај судии Македонци (од 366 на 281), и намалување кај судиите од женски пол (од 296 на 239).*

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНЦИ | 366 | 366 | 295 | 281 |
| АЛБАНЦИ | 86 | 86 | 79 | 78 |
| ТУРЦИ | 6 | 6 | 6 | 5 |
| ВЛАСИ | 10 | 10 | 8 | 8 |
| СРБИ | 3 | 3 | 3 | 3 |
| РОМИ | 1 | 1 | 1 | 1 |
| БОШЊАЦИ | 6 | 6 | 4 | 4 |
| ДРУГИ | 5 | 5 | 3 | 3 |
| ЖЕНИ | 296 | 296 | 246 | 283 |
| МАЖИ | 187 | 187 | 153 | 145 |
| ВКУПНО | 483 | 483 | 399 | 383 |

*Во однос на етничката припадност на жените судии, доминираат Македонки (84.3 %), а во значително помал обем има Албанки (11.4%), додека другите етнички заедници се само симболично застапени (Влаинки 1.7%, Бошњакињи 1.3%, Турчинки 0.8%, Србинки 0.4%).*

***Евидентно е дека нема ниту една судијка со Ромска етничка припадност.***




# Жени судии на раководни позиции




*Во однос на раководните функции податоците покажуваат дека во 15 од вкупно 34 судови Претседатели на судовите се жени, и тоа најмногу Македонки, две Албанки и една Турчинка. Другите етнички заедници воопшто не се застапени.*

| | | МАКЕДОНКА / АЛБАНКА / ТУРЧИНКА |
|---|---|---|
| ВСРСМ | Претседател | АЛБАНКА |
| Виш Управен Суд | ВД претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Битола | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Велес | ВД претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Виница | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Гевгелија | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Кавадарци | ВД претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Кичево | Претседател | АЛБАНКА |
| ОС Кочани | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Куманово | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Неготино | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Прилеп | Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Радовиш | ВД Претседател | МАКЕДОНКА |
| ОС Ресен | Претседател | ТУРЧИНКА |
| ОС Свети Николе | Претседател | МАКЕДОНКА |

# 2 Полова и етничка структура на судиите-поротници

*Податоците за судиите поротници според пол и етничка припадност беа добиени во соработка со Судскиот совет на РСМ*



**Од добиените податоци од Регистарот на судиите поротници произлегува дека има вкупно 576.
Од нив 406 се жени, додека 170 мажи.**

*Од судиите поротници припаднички на женскиот пол, 359 или 88% се Македонки додека 36 или 9% се Албанки. Бројот на преостанатите етнички з аедници е мал и незначително застапен.*

***Евидентно е дека нема ниту еден судија поротник со Ромска етничка припадност.***

# ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

***Податоците во однос на јавните обвинители се добиени по анализа на годишните извештаи на Советот на јавните обвинители на РСМ (http://sjorm.gov.mk/) за периодот***

## *2021-2023 година*

*Од достапните податоци може да се забележи дека голем број од систематизираните работни места за јавни обвинители не се пополнети, па наместо 244 јавни обвинители, бројот е значително помал што неизбежно влијае и врз квалитетот во работењето.*

*Родово разделените податоци покажуваат дека во текот на тригодишниот период континуирано има поголем број жени одошто мажи.*




*Збирните податоци покажуваат дека трендот на намалување што постоел во 2022 година се подобрил и во 2023 година се бележи зголемување на бројот на јавни обвинители.*

***Со оглед на фактот што обвинителите во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминали и корупција (ОЈО ГОКК) се назначуваат од веќе избрани обвинители, ОЈО ГОКК не е посебно издвоено во податоците. Сепак, корисно е да се добие претстава за составот и структурата на обвинителите и нивната етничка припадност, што е содржано на табелата подолу.***




*Евидентно е дека доминираат жените обвинителки во текот на анализираниот период, а во однос на етничката припадност обвинителите се или Македонци или Албанци, додека другите етнички заедници воопшто не биле застапени во периодот 2021-2023 година.*

*Од податоците е евидентно дека во ОЈО од Гостиварското апелационо подрачје, или воопшто нема жени обвинителки (Дебар, Струга) или нивниот број е значително помал од мажите (ВЈО Гостивар, ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Струга).*

# АДВОКАТИ

***Во соработка со Адвокатската комора на РСМ беа добиени збирни податоци за вкупниот број активни адвокати во РСМ во периодот 2021-2023 година при што податоците беа родово разделени. Проектниот тим изврши анализа на достапните податоци на Интернет страницата на АКРСМ и на графиконот подолу прикажана е состојбата со бројот на адвокати и родова разделеност на податоците со состојба на 05.07.2024 година.***

*Според достапните податоци може да се забележи дека бројот на адвокати во текот на анализираните години незначително се намалил за* ***23 адвокати.***




*Кога се анализираат родово разделените податоци може да се забележи обратнопропорционален однос.*

***Имено, додека во текот на годините бројот на жени адвокати се намалил, за повеќе од 190 адвокатки, бројот на мажи адвокати се зголемил за близу 170 адвокати.***

*Со цел да се добие поблиска претстава за регионалната застапеност на адвокатите, по анализа на достапните податоци на интернет страницата на АКРСМ се изготвија родово разделени податоци според градовите каде што се регистрирани адвокатите.*

*Опфатени се вкупно 32 градови и претставени се податоците според состојбата на 05.07.2024 година.*
*Градовите може да се поделат во неколку групи според бројот на адвокати жени и мажи.*




***воопшто нема жени адвокати***

***воопшто нема мажи адвокати***

***идентичен е или речиси изедначен бројот на адвокатите***

***мажите се побројни одошто жените***

***жените се побројни од мажите***

# 4.1. ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА

- **Жените се повеќе застапени на правните студии, со 53% меѓу дипломираните студенти од 2016 до 2023 година.** Во вториот циклус има 59% магистри жени, додека на трет циклус жените се речиси еднакво застапени со мажите, со 49% на докторските студии.
- Во однос на повисоките циклуси на правните студии, жените се повеќе застапени во вториот циклус, односно 59% магистрирани жени, и речиси еднакво застапени на третиот циклус, со вкупно 49% на докторски студии.
- На најстариот Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при УКИМ, од неговото основање во 1951 година досега ниту една жена не била избрана за декан, иако во повеќе наврати имало пријавени кандидатки и жените се еднакво застапени во редовите на професорите.
- **Од своето основање во 2006 година до денес, сите директорки на Академијата биле жени,** со исклучок на еден вршител на должност директор, кој бил маж.
- Во почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители учествувале 61,7% жени, но е забележана **голема нерамнотежа во застапеноста на жени од етничките заедници, без ниту еден кандидат од ромската заедница** во досегашните седум генерации.
- Првата жена претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избрана во 2012 година, односно 67 години по основањето на Врховниот суд во 1945 година.
- Бројот на жени судии е намален од 296 во 2021 година на 239 во 2024 година. **Иако делумно се должи на општиот пад на бројот на судии, овој тренд укажува на потребата од мерки за одржување на застапеноста на жените во судството.**
- Жените заземаат 50% од раководните позиции во судството, што, во однос на нивната вкупна застапеност од 63% во правосудниот систем, укажува на родов јаз во раководните структури во судството. Дополнително, **застапеноста на жените од етничките заедници** на раководните позиции е ниска.
- Меѓу судиите-поротници, 88% се жени поротнички, со доминантно учество на Македонки и видливи родови разлики меѓу одредени етнички заедници. Судиите поротници се соочуваат со маргинализација и небезбедност поради несигурните работни услови и недоволна институционална поддршка.
- Иако **бројот на жени јавни обвинители расте, нивната застапеност на повисоки позиции останува пониска од мажите,** со случаи на дискриминација насочени кон жените кандидатки за унапредување. Во јавното обвинителство, **жените од помалите етнички заедници се недоволно застапени.**

- Досега, во нашата држава немало именувана жена за државен јавен обвинител од неговото оформување во 1945 година, иако имало пријавени кандидатки.
- **Во адвокатурата е забележан пад на учеството на жените,** со значително намалување од 190 регистрирани адвокатки, додека бројот на мажи адвокати расте за 170. **Жените ги сметаат правосудните професии за побезбедни и со подобри работнички права во споредба со адвокатурата.**
- Во историјата на Адвокатската комора, од 1951 година досега, немало ниедна жена претседател, што е особено индикативно и укажува на родова несензибилизираност.

# 5. АНАЛИЗА НА РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

## 5.1. Резултати од истражувачките алатки

Како што беше и претходно споменато, методолошкиот пристап опфати употреба на квантитативни и квалитативни методи на собирање податоци, односно анкетни прашалници и интервјуа со судии, јавни обвинители и судски и јавно-обвинителски службеници. Анализата на квантитативните и квалитативните податоци добиени преку прашалниците и интервјуата е прикажана во овој дел.

### Интервјуа:

За целите на оваа анализа беа спроведени вкупно **15 детални интервјуа** со 14 жени и 1 маж од различни правосудни институции и позиции, односно 6 судии, 4 јавни обвинители, 1 судски службеник, 1 јавнообвинителски службеник, 1 судија поротник, 1 член од Судскиот совет и 1 од Академијата за судии и јавни обвинители. Интервјуираните лица работат во неколку апелациски подрачја, и тоа Апелационо подрачје Скопје, Апелационо подрачје Битола и Апелационо подрачје Гостивар. Детален преглед во однос на родот на интервјуираните лица, годините работно искуство и етничката припадност е прикажан во продолжение.

Графикон 1: Интервјуирани лица според род




Графикон 2: Интервјуирани лица според години на работно искуство во правосудството



Графикон 3: Интервјуирани лица според етничка припадност и род




1. **Разбирање на родовата еднаквост во контекст на правосудството, вработување/избор и кариерен пат**

Најголем дел од интервјуираните лица родовата еднаквост во правосудството ја поврзуваат со формалната еднаквост[20] и со еднаквите права на мажите и жените да бидат избрани и да напредуваат во кариерата во правосудниот систем. Понатаму, голем дел од лицата го опфатија и аспектот на материјалната еднаквост[21] и сметаат дека и жените и мажите имаат еднакви можности да бидат избрани во правосудниот систем. Сепак, сите интервјуирани лица посочија дека е потребна промена во општествената свесност за оваа тема, зашто сѐ уште постојат силни родови стереотипи и норми во однос на улогата на мажите и жените во нашето општество, кои се рефлектираат и во правосудниот систем.

20 Формалната еднаквост се однесува на формалното признавање на еднаквоста, односно дека сите луѓе се еднакви и имаат исти права и слободи признаени со законите, без разлика на нивните лични карактеристики.

21 Материјалната еднаквост претставува материјализирање на еднаквоста, односно спроведување на еднаквоста во пракса.

## 5.2. Вработување/избор

Перцепцијата на најголем дел од интервјуираните лица е дека процесот на вработување, односно избор во правосудниот систем не е дискриминаторски ниту за мажите ниту за жените, што, според нив, се покажува и со поголемиот процент на застапеност на жените на позиција на судии и јавни обвинителки, но и поголемиот број на пријавени жени за кандидатки на почетната обука на АСЈО, поточно од вкупно 188 избрани кандидати во изминатите седум генерации, 116 (61,7%) се жени, а 72 (48,4%) мажи.

Овој процент се должи и на фактот што поголем процент жени завршуваат правен факултет, за разлика од мажите. Во периодот 2016-2023 година на правните факултети во државата вкупниот број дипломирани правници изнесува 5.166 студенти, од коишто 53% (2.743) студенти биле од женски пол, а 2.423 или 47% биле мажи. Сличен тренд се гледа и кај магистрираните студенти, односно 59% жени, а 41% мажи.

Од аспект на интерсекционалноста, интервјуираните лица посочија дека не се застапени жените од етничките малцинства, особено жени Ромки и лицата со попреченост. Меѓу причините што влијаат врз оваа ситуација, родовите и социјалните норми беа наведени како најважни причини зошто жените од етничките малцинства се помалку застапени во судството отколку мажите од етничките малцинства, како и генерално нивната незастапеност на правните студии. Статистиката на запишани студенти од 2016 година, па наваму, говори дека има голема разлика во запишаните студенти од македонска и албанска националност наспроти преостанатите етнички групи. Поконкретно, 94,4% од вкупната бројка ја сочинуваат Македонци (57,41%) и Албанци (36,98%), а само 5,6% се студенти од другите етнички малцинства (Турци 2,21%, Роми 0,5%, Власи 0,5%, Срби 1,7%, Бошњаци 0,1% и други 1,23%).

Дел од интервјуираните лица посочија дека, сепак, образованието не е секогаш проблем, со оглед на тоа што овие групи не се застапени ниту како судии поротнички, додека, пак, се застапени на мошне стереотипни позиции, како лица кои помагаат во одржувањето на хигиената во правосудните институции. Во однос на лицата со попреченост беше наведено дека дополнително отежнува и непристапноста на факултетите, но и на правосудните институции, за да можат тие да стигнат до извршување на определена правосудна позиција, вклучително и на позицијата судија поротник[22]. На пример, достапните истражувања за пристапноста на судовите во државата покажуваат дека повеќето судови не ги исполнуваат основните стандарди за пристапност на лица со попреченост, како во делот на физичката пристапност, така и од аспект

22 Извештај за пристапноста на судовите. Коалиција „Сите за правично судење“, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2023/05/49-CEP-2021.pdf.

на пристапноста до информации. Друга причина што влијае врз оваа ситуација е системот на квоти за избор на кандидати во рамките на АСЈО, односно неинтегрирањето на интерсекцискиот пристап и затоа треба да се преиспита. Тоа значи дека во квотите за бројот на кандидати што ќе бидат избрани од етничките малцинства нема дополнителна родова квота. Понатаму, АСЈО не го поттикнува учеството на лицата со попреченост со квоти. Сепак, најголем дел од интервјуираните лица сметаат дека квотите за влез во АСЈО треба да се заменат со други охрабрувачки мерки што ќе имаат интерсекциски пристап, односно во услови на исти бодови на приемниот испит да се даде предност на определени незастапени групи.

Беше истакнат позитивен пример за соодветно приспособување за жена со физичка попреченост од страна на Врховниот суд, а потоа и од страна на АСЈО, со оглед на тоа што лицето од стручна соработничка во Врховниот суд станала кандидатка во почетната обука за судии и јавни обвинители во АСЈО. Сепак, лицата со попреченост би се соочиле со можна дискриминација уште при изборот за судии или јавни обвинители, со оглед на тоа што Законот за судови е дециден дека по завршувањето на АСЈО лицата мораат да се јават на сите отворени огласи за судии и јавни обвинители, иако голем дел од судовите и јавните обвинителства не се пристапни за лица со физичка или сензорна попреченост. Ова практично значи дека непристапноста на правосудните институции ќе го спречи или, пак, ќе го отежни вршењето на функцијата, а законот, од друга страна, не дава можност од овие причини лицето да одбие да биде избрано или прераспоредено да ја врши функцијата на тоа место. Од друга страна, дури и онаму каде што судовите се пристапни, не се внимава целосно да се ужива пристапноста, преку ограничување на ресурсите што стојат на располагање, како што е користењето лифт. На пример, во Кривичниот суд користењето на лифтот е ограничено за првиот и вториот кат, со цел да се заштеди електрична енергија, што, пак, влијае лицата со попреченост, без разлика дали се јавуваат како странки во постапката или како вршители на должност, да имаат пристап до првиот и вториот кат од судот. Важен сегмент е кога попреченоста е стекната или привремена, поради определени настани и кога судија или јавен обвинител поради моментална попреченост (скршена нога, на пример) не може да ја извршува должноста, со оглед на непристрасноста на судовите. Ова влијае на долго одложување на постапките и на генералниот квалитет на правда што го добиваат граѓаните. „Еве, на пример, ми се скрши ногата, но зашто нема лифт во судот не можев да доаѓам, па ова влијаеше на одложување на судењата. Мене ми фалеше да има лифт, не морав да бидам на боледување, можев да бидам на работа, но ете, немаше услови."

Според интервјуираните лица, вклученоста на обесправените и маргинализираните групи во општеството, особено жените од овие групи, исто така зависи и од вклученоста во образованието. Имено, во јавното универзитетско образование постојат квоти од 10% за лица од етничките малцинства од вкупниот број студенти, но овие квоти не се интерсекциски поставени, односно не постои дополнителна родова квота во квотата за етничките малцинства. Понатаму, недостигаат и квоти за лицата со попреченост во рамките на универзитетското образование. Во стариот закон за високо образование постоеше и квота за студенти чие родителско право го извршува само еден родител како лица од маргинализирани групи, но со новиот закон од 2018 година оваа одредба се укина, со што квотата за овие студенти во моментов е оставена на одлука на ректорските управи на сите универзитети поединечно. Но, постои и генерално ограничен пристап до информации за отворените конкурси на АСЈО. Оттука, неопходен е стратешки комуникациски план за подобрување на пристапот до информации на определени категории на лица, особено жените од помалите етнички заедници и лицата со попреченост.

Вклучувањето на различните групи во правосудството може да се постигне и преку вклучување на различни групи како судии поротници, за што државата треба да направи стратешки план и да го охрабри пријавувањето на овие лица, со оглед на тоа што конкурсите за судии поротници се објавуваат единствено преку Службен весник. Сепак, беше истакнато дека, иако позицијата на судиите поротници е важна во целокупниот правосуден систем, земајќи ја предвид позицијата во одлучувањето, тие се соочуваат со маргинализација во однос на нивниот работен статус. Судиите поротници по изборот не склучуваат никакви договори ниту за работа ниту за ангажман и надоместокот за судење што го добиваат е недоволен во однос на тежината на должноста што ја вршат. Ваквата несигурност особено се одразува врз жените со оглед на тоа што над 70% од вкупниот број судии поротници се жени. Гледано интерсекциски, податоците покажуваат дека има мала застапеност на жените од етничките малцинства, особено од помалите етнички заедници, додека како судија поротничка нема ниту една жена Ромка. Дополнително, поради ваквиот социјален и работен статус на судиите поротници често се откажуваат од позицијата, што понатаму влијае на одложување на судските постапки и почитувањето на правото на судење во разумен рок.

## 5.3. Напредување во кариерата

Видувањата се поразлични кога се работи за напредувањето во кариерата. Имено, поголем дел од интервјуираните лица посочија дека **сметаат дека жените не се доволно застапени на раководни позиции како претседателки на судови и раководителки на јавни обвинителства,** но и како членови на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Во однос на раководните функции во судовите, податоците покажуваат дека во 15 од вкупно 34 суда, претседатели на судовите се жени, и тоа најмногу Македонки, две Албанки и една Турчинка. Другите етнички заедници воопшто не се застапени. Членството во Судскиот совет од неговото формирање како Републичкиот судски совет во 1994 година досега како Судски совет на РСМ, е доминантно машко, односно вкупно 54 члена мажи, наспроти 18 жени. Сепак, во последните две генерации, односно од 2012 година наваму се забележува урамнотежување на застапеноста преку нагол нагорен раст во членството на жени, со мала разлика во која сепак остануваат да доминираат мажите. За разлика од сега, во периодот до 2012 година 85% биле мажи, а само 15% жени. Во однос на позицијата претседател на судски совет, бројката повторно натежнува кон мажите, но исто така се балансира низ годините, со вкупно седум претседатели мажи, а пет жени.

Во однос **на раководните позиции меѓу јавните обвинители, исто така, доминираат мажи,** односно републичкиот јавен обвинител, сите четири виши јавни обвинители и основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал се мажи. Пропорцијата на основни јавни обвинители низ годините се балансира, со десет основни јавни обвинителки и седум основни јавни обвинители во моментов. Слично како и во Судскиот совет, така и во Советот на јавни обвинители, вкупно земено, низ годините доминираат мажи (25 мажи наспроти 5 жени од 2008 година наваму), со позитивен тренд во последниот состав во кој шест се жени, а три мажи. Во однос на претседатели на советот на јавни обвинители, од 2008 година наваму само една била жена, сите други пет претседатели се мажи.

Како причини за недоволната застапеност на раководните/менаџерските позиции ги сметаат помалата општествена, односно политичка моќ на жените, родовите норми и стереотипите поврзани со емоциите и како тие се перципира дека влијаат на лидерските капацитети на жените и мажите. Како резултат на ваквата перцепција за жените, дел од интервјуираните лица и самите истакнаа **интернализирана родова стереотипизација кога се работи за емотивноста и лидерството кај жените,** посочувајќи дека „иако ние како жени сме поемотивни од мажите, сепак докажуваме дека тоа не влијае на нашата позиција како судијки или јавни обвинителки, ниту, пак, влијае кога сме на раководни позиции во правосудството“. Исто така, очигледно е дека жените судијки и јавни

обвинителки имаат постојана потреба да докажуваат дека заслужуваат да бидат на оваа позиција и мораат да постапуваат „поостро“ отколку што е потребно за да покажат дека не се „слаби“ во споредба со нивните машки колеги. Сепак, повеќето интервјуирани лица беа согласни дека има определен напредок во овој дел, особено во делот на судството, посочувајќи го изборот на претседателката на Врховниот суд и на Судскиот совет како позитивен чекор. Понатаму, беа согласни и дека разлика се појавува во можностите за напредување на судијките и јавните обвинителки, со оглед на тоа што **јавниот обвинител како позиција сè уште повеќе се перципира како „машка позиција“, што се потврдува и со фактот што сè уште нема избрано жена за јавен обвинител на Република Северна Македонија,** иако имало жени кандидати за оваа позиција, а во јавното обвинителство на Република Северна Македонија доминираат мажи, односно осум мажи наспроти четири жени.

Друг родов аспект што беше истакнат од страна на интервјуираните лица, а **кој влијае на кариерниот пат на жените во правосудството претставува бременоста и мајчинството**, посочувајќи дека целиот систем е неприспособен за поддршка на жените во бременоста и периодот по породилното отсуство од една страна, а од друга страна родовите стереотипи влијаат да нема охрабрување за напредување во правосудната хиерархија. Напротив, беше истакнато дека и принципот на оценување за време на користењето на породилното отсуство е лимитирачки, што особено се потврди и со последниот случај на дискриминација по основа на бременост, раѓање и родителство, сторен од страна на Советот на јавни обвинители врз јавна обвинителка која повеќепати аплицира за унапредување, а не е избрана еднаш поради возраста, а вториот пат поради користење на родителско отсуство. Поради ова, најголем дел од интервјуираните лица посочија дека е **потребно да се посвети поголемо внимание на едукација за родовата еднаквост, но и разбивање на родовите стереотипи и пристрасности,** како на општествено ниво, така и на ниво на правосудството, со оглед на тоа што тие влијаат понатаму и во донесувањето на одлуките, но и во квалитетот на правда што го добиваат луѓето. Интервјуираните лица истакнаа дека, иако во почетната обука на АСЈО има една обука што се однесува на недискриминација и принципот на еднаков третман, таа не е доволна за разбивање на постојните стереотипи и предрасуди што постојат во правосудниот систем поврзани со мажите и жените, но и со обесправените и маргинализираните групи. Во делот на општествената моќ и како таа влијае на напредувањето во кариерата и изборот во повисоките судови или јавни обвинителства беше истакнато дека е **нејасно врз кои критериуми во случаи на исти бодови се избираат мажи,** зашто „е факт дека мажите полесно напредуваат во кариерата во правосудниот систем“. Оттука, неколку од интервјуираните лица **побараа зајакнување на критериумите за избор во правосудната хиерархија, кои ќе ги заштитат жените од родово-**

**заснована дискриминација.** Беше истакнато и дека има примери кога жените се пријавуваат за унапредување, но се откажуваат во текот на постапката. Иако причините за ова можат да бидат различни и лични, сепак интервјуираните лица сметаат дека ова се случува поради тоа што или им се извршил притисок да се откажат или, пак, знаат дека нема да добијат поддршка „зашто во кулоарите обично се знае кој ќе биде избран, кој е охрабрен“, што **повторно ја покажува слабата општествена моќ на жените.** Дополнително беше истакнато и дека (не) прифаќањето на родовите норми може да биде причина за унапредување, односно неунапредување, односно твојот фамилијарен статус, начинот на облекување, начинот на однесување те прави „подобна или неподобна за унапредување“. Беше истакнато и дека **постои групирање од страна на мажите судии и меѓусебна поддршка,** која им помага да аплицираат за раководни позиции и унапредување, за разлика од жените, кои сѐ уште не се толку храбри. „Кога се раководни функции, како да се групираат мажите, како да се договараат мажите, а нас не нѐ вклучуваат. Како да си се доволни само они. И во однос на работата, ние ја буткаме, ја завршуваме, а они добиваат повеќе простор за патувања и како они да го земаат кредитот на крај. Нѐ прекинуваат, не нѐ слушаат во многу ситуации.“ Треба да има и **менторска мрежа во однос на градење капацитети и самодоверба,** за да градат лидерски способности за да кажат свое мислење, за да аплицираат на раководна позиција. Генерално, жените се плашат да кажат свое мислење и мажите се похрабри и да си кажат мислење и да аплицираат на раководни функции.

Како еден од начините како можат жените да се охрабрат да напредуваат во кариерниот пат **беше предложено создавање на менторска мрежа**, каде што судијките и јавните обвинителки со подолго работно искуство или од повисоките судови и јавни обвинителства ќе менторираат новоизбрани судијки или јавни обвинителки или, пак, оние на кои им е потребно тоа.

## 5.4. Прераспределување, санкции и разрешување

Земајќи предвид дека судовите се соочуваат со недостаток на судии, во изминатите две години биле направени поголем број прераспределувања на судии од еден суд во друг. Сепак, според дел од интервјуираните лица, **нејасно е врз основа на кои критериуми се определуваат судиите кои ќе бидат прераспределени,** истакнувајќи дека личните и семејните причини не се земаат доволно предвид при носењето на овие одлуки. Беа истакнати неколку примери каде што судијки кои имале мали деца биле прераспределени да ја вршат должноста во друг суд и биле присилени секојдневно да патуваат за да не мораат да се селат со семејството и децата во друг град и да менуваат градинка. Беше истакнат и случај каде што била прераспределена судијка која е самохрана мајка со мали деца, која морала да се пресели во градот каде што била прераспределена заедно со своите деца, со оглед на оддалеченоста на местото на кое била прераспределена. Дел од одлуките за прераспределување се обжалуваат пред Врховниот суд, но иако Врховниот суд ги враќа на повторно распоредување, во најголем број случаи Судскиот совет ги носи истите одлуки, кои се конечни. Индикативно за интервјуираните лица е што во **голем дел се прераспределуваат судии кои имаат кратко работно искуство или, пак, се скоро избрани,** што наведува на пристрасност во одлучувањето на Судскиот совет за прераспределувањето по основа на возраст, односно оние судии кои се помлади почесто се прераспределуваат. Ова особено може да биде критично доколку се земе предвид **корелацијата на возраста и родителскиот статус**, што би можело да резултира со најголем број на прераспределени судии и јавни обвинители кои се мајки и татковци на мали деца. Оттука, интервјуираните лица кои ги спомена овие можни пристрасности сметаат дека во законот треба да се вклучат околности што ќе се земат предвид во процесот на одлучување за прераспределување.

Во однос на санкциите и разрешувањето, во најголем дел интервјуираните лица сметаат дека за сите важат истите правила и нема родови пристрасности во одлуките на Судскиот совет. Сепак, најголем дел истакнаа дека сметаат дека е полесно против жена судијка или јавна обвинителка да биде подигната дисциплинска постапка што ќе резултира со негативна последица отколку за маж судија или јавен обвинител. Како причина повторно ја наведоа небалансираната општествена и политичка моќ на жените, која влијае и во овие процеси, иако тие по правило треба да се независни. Дополнителна причина се родовите стереотипи во однос на емотивноста на жените и перцепцијата дека се „помеки од мажите", па се смета дека полесно ќе подлегнат на притисоците и ќе се откажат од позицијата. Примери што беа истакнати во оваа насока се и обидот за разрешување на претседателката на Врховниот суд, како и целиот процес против претседателката на Судскиот совет, кои се перципираат како обид врз жените на највисоките позиции во правосудниот систем да им се изврши притисок да се откажат од позицијата.

## 5.5. Родово-заснована дискриминација

Во делот на АСЈО и почетната обука беше истакнато и дека постојат **ограничувања за бремените кандидатки и користењето отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство.** Во оваа насока беше даден и пример кога кандидатка, на која ѝ било утврдена патолошка бременост ѝ било препорачано да биде постојано во легната состојба, доаѓала на теоретската настава и лежела на столчињата во наставните простории, без да ѝ биде понудена опцијата за онлајн-следење на наставата. Со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, користење породилно отсуство, односно боледување подолго од 60 дена, како што, на пример, може да биде отсуството поради бременост, раѓање и родителство, е можно единствено доколку се јави непосредно пред почнување на теоретската настава, а во тој случај слушателот на почетната обука почнува со слушање на теоретска настава со следната редовна генерација слушатели на почетната обука. Сепак, законот не ги уредува правата на користење отсуство поради бременост, раѓање и родителство за кандидатките кои почнале со слушање на наставата и оттука се очекува тие да продолжат со наставата без разлика на нивната новонастаната состојба. За споредба, Законот за правосудна академија на Република Србија утврдува дека ќе се дозволи одложување на посетување на почетна обука за оние лица кои користат отсуство поради бременост или родителско отсуство. Оттука, еден од начините за отстранување на ваквата дискриминација е да се даде можност на бремените кандидатки кои почнале со слушање на почетната обука да остварат право на боледување доколку имаат потреба или, пак, да остварат право на отсуство поради раѓање и мајчинство и да продолжат со почетната обука во следната генерација онаму од каде што застанале со почетната обука.

Дел од интервјуираните лица посочија дека **постои сексизам во судството на повеќе нивоа, како во процесите на одлучување, така и во секојдневната работа.** Дел од мажите судии и јавни обвинители сè уште ја доведуваат во прашање способноста на жените за вршење на функцијата, особено во јавното обвинителство. „Сум се соочила со сексизам, на пример, не веруваа дека јавна обвинителка може сама да биде дежурна навечер и јас требаше да го докажам тоа.“ Дополнително, неколку од интервјуираните лица сметаат дека сè уште постои небалансирана моќ меѓу мажите и жените судии и јавни обвинители, каде што жените се несослушувани, прекинувани и постојат обиди за поткопување на нивниот интегритет. Дел од интервјуираните лица посочија дека постојат примери и на **родово-несензитивен говор од страна на адвокати, кој може да се толкува и како сексизам,** кој генерално е насочен кон јавните обвинителки, а помалку кон судијките кои судат во кривични предмети. Иако генералното мислење на интервјуираните лица е дека постои промена и во односите на моќ меѓу мажите и жените судии и јавни обвинители, која е

одраз на целокупната општествена слика, сметаат дека треба уште многу да се работи на разбивање на родовите стереотипи и родовите улоги.

Мал дел од интервјуираните лица посочија дека сѐ уште има **примери на сексуално вознемирување и тие се манифестираат преку несакани физички допири, но и преку чести коментари во однос на облекувањето, физичкиот изглед, но и за приватниот живот. Сепак, не постои јасен механизам за пријавување на вакви случаи,** што може да биде особено критично за судските службеници и другите технички лица кога нема баланс на моќ, односно кога сексуалното вознемирување се врши од страна на јавен обвинител или судија кон судски службеници. Уште еден аспект што беше истакнат е и **отсуството на механизам за заштита од сексуално вознемирување или друга родово-заснована дискриминација во Академијата за судии и јавни обвинители,** особено од страна на предавачите кон слушателите на почетната обука[23]. Во најголем дел, интервјуираните лица сметаат дека механизмот за пријавување треба да биде во Судскиот совет или во Советот на јавни обвинители, преку зајакнување, односно менување на постојните етички кодекси. Дел од интервјуираните лица сметаат дека механизмот за заштита треба да предвиди пријави до претседателот на судот или лицето кое раководи со јавното обвинителство каде што се случува ова, особено кога сексуалното вознемирување е кон вработени лица. Беше истакнато дека треба да има и контакт-лице внатре во судовите и јавните обвинителства за поддршка, па и за можно пријавување. Но, во најголем дел интервјуираните лица сметаат дека воспоставувањето на вакви механизми нема да ја променат културата на непријавување, со оглед на тоа што сите овие тела се гледаат како центри на моќ кои не се родово-сензибилизирани и кои нема да ги заштитат оние што пријавиле, а кои најчесто ќе бидат жени. **Поради отсуството на внатрешни механизми за поддршка и заштита, сексизмот се прифаќа како култура на работното место и начин на однесување.** Испитаничките имаат впечаток дека во јавното обвинителство се забошотуваат случаите на дискриминација и вистината тешко излегува на виделина што влијае демотивирачки за жртвите, а за жал многу охрабрувачки за сторителите.

23 Овој наод веќе е идентификуван во Проценката на внатрешното работење на АСЈО од родов и интерсекциски аспект, достапна на следниот линк: https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/544336

## 5.6. Безбедност

Дел од интервјуираните лица сметаат дека **безбедноста на судиите и јавните обвинители, но и на судиите поротници, има родова димензија**, особено кога работат во кривичната област. Безбедноста најчесто ја поврзуваат со добиените закани по живот за нив или за нивното семејство, а поретко со условите на работното место и колку тие им овозможуваат безбедно вршење на позицијата. Во делот на заканите, интервјуираните лица сметаат дека и **жените и мажите судии, јавни обвинители и судии поротници добиваат закани, но кај жените се понагласени и се родово-специфични,** особено заканите по физичкиот интегритет кон нив и кон нивните деца. Една од причините од родов аспект за родовата специфичност на заканите, како што можат да бидат, на пример, **заканите за силување или полови дејства врз нив или врз нивните ќерки,** е и фактот што и криминалитетот има родова димензија, односно во кривичната материја 90% од обвинетите се мажи.

**Од аспект на безбедните услови за работа најзагрозени се судиите поротнички** кои немаат работно место, доаѓаат на судењата од истиот влез како и обвинетите и заедно со нив чекаат да влезат во судница и да почне судењето. „Ми се случило да чекам пред судница со обвинети и да ми испраќаат погледи и да ми дофрлуваат закани, навистина не е сеедно.“ Воедно, немаат ниту службена легитимација, ниту тога што на некаков начин би ги одвоила од општата јавност во постапката. Со оглед на тоа што немаат канцеларија, периодот од едно до друго судење го поминуваат надвор од судскиот објект, што ги става дополнително во ризик од каков било напад. Иако условите за позицијата судија поротник важат еднакво и за мажите и за жените, сепак не ги ефектуираат еднакво со оглед на тоа што 70% од вкупниот број судии поротници се жени.

Во однос на заштитата во случаи на загрозена безбедност на судиите и јавните обвинители, дел истакнаа дека „заштитата треба да се бара само тогаш кога навистина има сериозна закана, сепак и тоа треба да го гледаме како дел од работата“, што остава висок праг на толеранција на закани и прифаќање на насилството и небезбедноста. Сепак, дел од интервјуираните лица посочија дека побарале заштита или ги известиле институциите во ситуации на закани кон нив или кон нивни колеги и колешки, но оставено е и на институциите да проценат кога треба да обезбедат заштита и ова повторно е во ситуации на највисок степен на загрозеност. „Имав еден предмет каде што имав сериозни закани по живот по пораки, пријавив кај претседателот на судот и ми рече дека тоа е нормално за позицијата, да не се плашам, но јас навистина бев исплашена. И не, не знаев каде да се обратам, најверојатно во МВР. **Треба да има протокол за пријавување и барање мерки за безбедност.**“ Во однос на судиите поротници, очигледно е дека не се информирани дека можат да бараат и од кого можат да бараат заштита во вакви случаи.

## 5.7. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА НА РОДОВИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

- **Лицата со попреченост речиси воопшто не се застапени во правосудниот систем.** Ова се должи на фактот што постои **отежната пристапност** за овие категории лица до правосудните институции и образовните установи.
- Законите и процедурите за Академијата за судии и јавни обвинители **(АСЈО) не обезбедуваат соодветни услови и поддршка за бремените слушателки.**
- **Анализата покажа дека кариерниот пат на жените во правосудството е под негативно влијание на фактори како бременост и мајчинство.** Родовите стереотипи го намалуваат охрабрувањето за кариерен напредок **на жените за време на бременоста и по породилното отсуство** во правосудната хиерархија.
- **Прераспределбата во правосудниот систем** не се заснова на однапред дефинирани критериуми, што може да создаде несигурност и дискриминација врз основа на пол и години на работно искуство.
- Жените во судството и јавните обвинителства **се соочуваат со родово-засновани закани, особено во кривичните постапки, а не постојат соодветни интерни механизми за пријавување на сексуално вознемирување и родово-заснована дискриминација.**

# 6. АНАЛИЗА ЗА РОДОВИ АСПЕКТИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Од вкупниот број испитаници/чки судии и јавни обвинители, членови на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, односно 106 испитаници, повеќе од **две третини од испитаниците/чките се жени, наспроти третина мажи.** Исто така, мнозинството, 60%, од испитаниците се на возраст помеѓу 46 и 65 години, а другите од 35 до 45 години. Гледано од родов аспект, двете возрасни групи се еднакво застапени кај мажите, додека две третини од жените се на возраст од 46 до 65 години, а другите се од 31 до 45 години.

Графикон 4: Демографска структура на испитаници/чки




Во однос на етникумот, најголемиот дел, 76,0%, од испитаниците/чките се од македонска етничка припадност, 16,6% албанска, 2,1% турска, додека 5,2% не сакале да одговорат на ова прашање.

Од сите испитаници/чки, **само еден/една изјавил/а дека има некаков вид попреченост,** и тоа оштетен вид.

Графикон 5: Етничка структура испитаници/чки



Во однос на **работната позиција,** повеќе од половината од испитаниците/чките се судии/јки (58,3%), 37,5% се јавни обвинители/ки, а по 2,1% се членови на советите на јавните обвинители или на Судскиот совет. Анализирано од родова перспектива, процентот на жени судии (судијки) кај испитаниците/чките е поголем во однос на мажите судии, односно 62,9% од вкупниот број испитанички се судијки, наспроти 50,0% мажи судии од вкупниот број испитаници. 49,0%, пак, од испитаниците се јавни обвинители, наспроти 32,3% испитанички, кои се јавни обвинителки.

Графикон 6: Работни позиции на испитаници/чки




Графикон 7: Работни позиции на испитаници според род




Најголемиот број испитаници/чки доаѓаат од скопското **апелациско подрачје,** 53,3%, потоа од битолското, 17,7%, гостиварското, 12,5%, а само 8,3% се од штипското апелациско подрачје.

Графикон 8: Испитаници/чки според апелациско подрачје во кое работат




Графикон 9: Местото на работа во правосудниот систем на испитаници/чки




Во однос на **местото на работа во правосудниот систем** на државата, повеќе од половина од испитаниците/чките (53,1%) се членови на основните судови во своите апелациски подрачја, а по нив најбројни се членовите на Основното јавно обвинителство (30,2%). Преостанатиот дел се членови на Вишото јавно обвинителство (4,2%), Управниот суд и Советот за јавни обвинители (по 3,1%), Обвинителството на РСМ и Основното јавно обвинителство (по 2,1%) и по 1,0% членови на Апелациониот и Вишиот управен суд.

На прашањето **„Со што ја поврзувате родовата еднаквост?“**, каде што беа можни повеќе одговори, испитаниците/чките најчесто (64,5%) ја поврзуваат со „Со еднакви права и можности за сите луѓе без разлика на нивното родово изразување“, што претставува мошне инклузивно разбирање на родовата еднаквост. Исто така, наспроти ова, голем процент (51,0%) го посочиле одговорот **„Со еднакви права и можности меѓу мажите и жените“**, што претставува потесен бинарен пристап кон родовата еднаквост. Мал процент (2,1%) ги посочиле одговорите „Женски права и прашања“, „ЛГБТ-лицата“ и „Присвоена политика од други држави“. Ниту еден/една од испитаниците/чките не ја поврзува родовата еднаквост со феминизмот.

Мнозинството од испитаниците/чките (99,0% и 96,9% последователно) сметаат дека **родовата еднаквост е важна и за општеството и за правосудството** во Република Северна Македонија. Најголемиот дел од нив, и за двете прашања, смета дека таа е со многу важно значење, каде што процентот на испитаници/чки кој го мисли тоа во контекст на правосудниот систем е помал во однос на оној што го мисли во контекст на општеството во државата (60,2% наспроти 76,8% последователно).

Графикон 10: Колку сметате дека е важна родовата еднаквост во општеството/правосудството во Република Северна Македонија?




Анализирано од родов аспект, речиси осумдесет проценти од мажите (78,1%) сметаат дека родовата еднаквост е многу важна во општеството, наспроти 68,8%, кои истото го сметаат и за нејзината улога во правосудството. За важна до одреден степен ја сметаат по 15,6% и 25,0%, за општеството, односно правосудството, а како делумно важна ја гледаат 3,1%, односно 6,2% последователно. Наспроти нив, речиси ист процент од жените (74,2%) сметаат дека родовата еднаквост е од

голема важност за општеството, но за правосудството, тој степен на важност го мислат само половината од испитаничките (53,2%). Важна до одреден степен ја сметаат по 17,7% за општеството, наспроти 33,9% за правосудството, а делумно важна 8,0% и 11,3%. Само еден процент од испитаниците смета дека родовата еднаквост воопшто не е важна за општеството во државата, односно 2,1% за правосудството.

Графикон 11: Колку сметате дека е важна родовата еднаквост во општеството/правосудството во Република Северна Македонија? Според мажи испитаници/чки




Графикон 12: Колку сметате дека е важна родовата еднаквост во општеството/правосудството во Република Северна Македонија? Според жени испитаници/чки



Речиси половина од испитаниците/чките (44,8%) го посочија **пристапот до раководните позиции во јавниот сектор (извршна власт и администрација) како област каде што сметаат дека родовата нееднаквост е најизразена,** споредбено со пристапот до истите во приватниот сектор, каде што 22,5% сметаат дека таа е застапена, како и во пристапот до раководни и одлучувачки позиции во правосудниот систем (18,8%). Како втора најизразена област каде што испитаниците/чките сметаат дека има родова еднаквост (39,6%) го посочија учеството во политиката. Застапеност на родова нееднаквост во учеството во процесите на донесување одлуки на државно и локално ниво сметаат дека постои 31,2% од испитаниците/чките, а 20,8% сметаат дека родовата нееднаквост е застапена и во јавниот сектор (извршна власт и администрација). 18,7% сметаат дека таа е присутна и при процесите на вработување, а 12,5% и при вреднувањето на трудот (одредување плата). Како **области каде што сметаат дека родовата нееднаквост е најмалку застапена, посочени се пристапот до образование и правда, како и учеството во правосудниот систем** (под 10,%).

Графикон 13: Во која област сметате дека постои родова нееднаквост? (можни се повеќе одговори)




Следуваше дел од анкетата каде што испитаниците/чките беа прашани за **мислење дали сметаат дека постои родово-заснована дискриминација во различни делови од работењето на правосудниот систем во државата, и тоа:**

**при изборот на членови на Судски совет/Совет на јавни обвинители, при изборот на менаџери/раководители на судовите и јавните обвинителства, при унапредувањето судии и јавни обвинители, при изборот на судии и јавни обвинители, како и во правосудството, како целина.** Од компаративната анализа на добиените одговори се заклучува дека испитаниците/чките сметаат дека родово-заснована дискриминација најмалку постои при изборот на членови на Судски совет/Совет на јавни обвинители (70,8%), наспроти правосудството, како целина, каде што истото го мислат помалку од половина испитаници/чки (47,9%). Како втора област каде што сметаат дека родово-заснованата дискриминација најмалку постои се посочува и изборот на судии и јавни обвинители, 66,7%, а речиси еднакво го оценуваат изборот на менаџери/раководители на судовите и јавните обвинителства (59,4%) и унапредувањето на судии и јавни обвинители (57,3%). Сепак, важно е да се напомене дека вкупниот процент на испитаници/чки кои сметаат дека постои родово-заснована дискриминација при различните процеси, на некаков начин и со некаква фреквенција, се движи помеѓу педесет проценти (во правосудството како целина) и повеќе од четириесет проценти при унапредувањето судии и јавни обвинители.

(Во прилог графички приказ за **вкупните мислења за постоењето на родово-заснована дискриминација** во различни делови од работењето на правосудниот систем.)

Графикон 14: Дали сметате дека постои родово-заснована дискриминација во правосудството? (Родово-заснована дискриминација е секоја разлика, исклучување или ограничување што има за последица или цел да го загрози или да го оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основните слободи врз основа на еднаквост на жените и мажите во политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле.)




Споредувајќи ги одговорите на мажите испитаници наспроти жените испитанички, се заклучува дека **мажите во поголем процент сметаат дека постои родово-заснована дискриминација во сите области, освен во правосудството како целина.** Овој одговор може тесно да се поврзе со помалата застапеност на

мажите во правосудниот систем, но и со разбирањето на родовата еднаквост што произлезе од интервјуата, кое најчесто се поврзува со застапеноста на жените и мажите во правосудниот систем. Сепак, анализата на податоците покажува дека кога жените размислуваат за правосудството како целина, мнозинството сметаат дека постои одреден степен на родово-заснована дискриминација, што укажува на намалувањето на влијанието на жените кога се гледа „големата слика" на правосудниот систем, вклучително и можностите за донесување на стратешки одлуки што се однесуваат на правосудството.

(Во прилог графички приказ за мислењата за постоење на родово-заснована дискриминација во различни делови од работењето на правосудниот систем, од родов аспект, по гореспоменатиот редослед.)

Графикон 15: Дали сметате дека постои родово-заснована дискриминација во правосудството? Според мажи испитаници




Графикон 16: Дали сметате дека постои родово-заснована дискриминација во правосудството? Според жени испитанички



Прашани **дали доживеале родово-заснована дискриминација при различни процеси во нивното работење, и тоа при изборот на судии и јавни обвинители или изборот во Судски совет/Совет на јавни обвинители, во процесот на унапредување судии или јавни обвинители и при изборот на менаџери/раководители на судовите и јавните обвинителства**, само мал процент од испитаниците/чките кои учествувале во таков процес одговориле позитивно.

Графикон 17: Дали сте доживеале родово-заснована дискриминација при вработувањето во правосудниот систем?




Графикон 18: Дали сте доживеале родово-заснована дискриминација при вработувањето во правосудниот систем? Според род



Од родов аспект, најголема дискрепанција се забележува во доживувањето на родово-заснована дискриминација во процесот на унапредувањето судии и јавни обвинители, каде што 13,0% од мажите испитаници кои биле дел од таков процес почувствувале дискриминација, наспроти 4,7% од жените испитанички.

Паралелно, **жените испитанички доживеале родово-заснована дискриминација во поголем процент при изборот на раководители на судовите и јавните обвинителства**, 6,1% наспроти 0% мажи. Се забележува и тенденција жените воопшто во голем процент (46,8%) да не аплицираат при тој избор.

Поголем процент од испитаниците/чките сметаат дека **родови пристрасности** постојат при утврдувањето на дисциплинска одговорност и/или разрешување на жените и мажите судии и јавни обвинители во однос на процената на работата и резултатите на жените и мажите судии и јавни обвинители, по 38,0% и 31,5% последователно. Прашани за фреквентноста, 44,8% испитаниците кои сметаат дека **постојат родови пристрасности при процената на работата и резултатите на жените и мажите судии и јавни обвинители**, 44,8% изјавиле дека тие се ретки, 48,3% дека се случуваат понекогаш, а 6,9% сметаат дека се честа појава. Наспроти тој процес, при утврдувањето дисциплинска одговорност и/или разрешување на жените и мажите судии и јавни обвинители, 11,4% од испитаниците кои сметаат дека постојат родови пристрасности изјавиле дека тие се честа појава.

Графикон 19: Дали сметате дека постојат родови пристрасности при процената на работата и резултатите на жените и мажите во правосудната служба?




Графикон 20: Дали сметате дека постојат родови пристрасности при утврдувањето дисциплинска одговорност и/или разрешување во правосудната служба?



Речиси две петтини од испитаниците/чките изјавиле дека **во текот на својата работна кариера доживеале некаква форма на насилство поврзано со работата,** која во најголем дел се случувала ретко, 92,1%, а во 7,9% од случаите понекогаш. **Од родов аспект, процентите се речиси еднакви за мажи и жени кои доживеале некаков тип насилство (40,6% и 40,3%)**, со тоа што 15,4% од мажите кои го доживеале насилството изјавиле дека тоа се случувало пофреквентно, наспроти 4,0% од жените. Идентична анализа на добиените податоци се изработи и за испитаници/чки со работна позиција судија/судијка и јавен/на обвинител/ка.

Податоците покажуваат дека жените судијки за 12% повеќе доживеале насилство од мажите судии, додека ситуацијата е различна кај обвинителите, каде што мажите обвинители одговориле дека повеќе доживеале насилство од обвинителките за 11%. Една од причините поради кои постои понизок процент на жени обвинителки кои сметаат дека биле изложени на насилство е и **нормализацијата на насилството, кое се гледа како дел од професијата.**

Во однос на тоа **со каква форма на насилство поврзано со работата се соочиле**, испитаниците/чките жртви, како најчест вид ги наведуваат вербалните напади, 78,6%, **објавувањето и ширењето изменети или лажни информации** преку интернет или технолошки алатки, 42,9%, како и **закани по живот и семејство**, 33,3%. Мал процент од испитаниците/чките жртви биле цел и на **кибердемнење** на интернет, 4,8%, физички напади и **сексуално вознемирување**, по 2,4%.

Графикон 21: Каква форма на насилство сте доживеале поврзано со работата? (можни се повеќе одговори)



Исто така, дел од испитаниците/чките навеле и други форми на насилство што ги доживеале, а вклучуваат психичко насилство, напад на личен имот и „Намалување на резултатите од работењето заради овозможување предност на друг, мобинг, релативизирање на неправилностите и незаконитостите заради прикривање на реалната состојба“.

**Жените се почеста цел на вербални напади (69,7% наспроти 30,3%), како и на закани по живот (71,4% наспроти 28,6%)**, додека објавувањето и ширењето изменети или лажни информации преку интернет или технолошки алатки и сајбер демнењето се речиси еднакво застапени и кај жените и кај мажите (44,4% наспроти 55,6% и по 50,0% последователно).

Графикон 20: Дали сметате дека постојат родови пристрасности при утврдувањето дисциплинска одговорност и/или разрешување во правосудната служба?




Како најчесто **место каде што испитаниците/чките се соочиле со насилството** се посочува работното место, но тоа исто така често се појавува во судниците и медиумите, како и на приватните профили на социјалните мрежи. Помал процент од испитаниците/чките со насилство се соочиле и во канцеларија, како и на колегиум или состанок.

Графикон 23: Каде сте доживеале вакви искуства (насилство при работа)? (можни се повеќе одговори)




Испитаниците/чките во помал процент изјавиле дека посведочиле насилство, и тоа 27,1% (наспроти 39,6% кои доживеале), додека другите 72,9% немаат посведочено никаков тип насилство. Разгледувано од аспект на испитаници/чки кои имаат посведочено, мнозинството, 80,8% се жени, наспроти 19,2% мажи.

Графикон 24: Дали сте сведочеле насилство поврзано со работата?




Повторно, **испитаниците/чките кои биле сведоци на насилство** ги посочиле вербалните навреди како форма на насилство на која биле сведоци (75,8%), потоа објавувањето и ширењето изменети или лажни информации преку интернет или технолошки алатки, 39,4%, кои процентуално се речиси еднакви со процентот на испитаници/чките жртви, како и заканите по живот и семејство за кое сведочел помал процент, во однос на оној што доживеал ваква форма на насилство (27,3% сведоци, наспроти 33,3% жртви). Поголем процент сведоци

во однос на жртви се забележува и во сведоците на извршено сајбер демнење, наспроти доживеаното (12,9%, наспроти 4,8%), но и 9,1% кои биле сведоци на физичко напад, како и 6,1% сведоци на сексуално вознемирување, а 3,1% сведоци на сексуално посрамотување на интернет. Испитаниците/чките кои изјавиле дека биле сведоци на друг тип насилство навеле „Одземање на дел од годишен одмор, Неосновано ускратување на основни услови за работа, Неосновано и тенденциозно пријавување од претпоставен, Неинформирање или погрешно информирање за важни и задолжителни податоци и одлуки во врска со работата".

Графикон 25: Каква форма на насилство сте сведочеле поврзано со работата? (можни се повеќе одговори)




Како **место каде што најчесто биле сведоци на насилство поврзано со работа** испитаниците/чките повторно го посочиле работното место како најчесто (39,5%), но во голем процент (по 36,8%) ги посочиле и судницата, медиумите и социјалните мрежи. Поголеми се и процентите на сведоци наспроти жртви кои го посведочиле тоа и во канцеларија (15,8% наспроти 4,7%), на колегиум (7,9% наспроти 2,3%) и на состанок (5,3% наспроти 2,3%). Исто така, испитаниците/чките сведоци изјавиле и дека посведочиле насилство и во Академијата за судии јавни обвинители (5,3%), која не беше посочена како место каде што се доживеало истото.

Графикон 26: Каде сте посведочиле вакви настани? (можни се повеќе одговори)




Генералното мислење за тоа **кој е најчесто жртва на ваквите случаи** помеѓу испитаниците/чките е тоа дека жртви се и жените и мажите еднакво, 66,7%, а потоа дека најчесто жените, 20,8% и само жените 12,5%. Сепак, разгледувано од родов аспект, испитаничките жени во поголем дел сметаат дека тие се најчесто жртви, во однос на испитаниците мажи (вкупно 45,1% наспроти 12,6%). Мнозинството од мажите испитаници, пак, сметаат дека еднакво се жртви и жените и мажите. Ниту еден/една од испитаниците/чките не смета дека само мажите се или најчесто се жртви на ваквото насилство.

Графикон 27: Кој е најчесто жртва на ваквите случаи?



Прашани **дали биле изложени на потсмев во професионалната средина или во медиумите за одредени ставови или, пак, во однос на одредени јавнообвинителски/судски одлуки**, речиси три четвртини од испитаниците/чките (71,9%) одговориле дека никогаш не биле изложени на потсмев, 19,8% дека биле, но ретко, а 8,3% дека тоа се случувало понекогаш. Се забележува разлика помеѓу одговорите на испитаниците и испитаничките каде што помал процент мажи не биле никогаш изложени на потсмев (68,8% наспроти 72,6%), како и дека тоа се случувало понекогаш (15,6% наспроти 4,8%). Жените испитанички, пак, се повеќе изложени на потсмев што се случувал ретко (22,6% наспроти 15,6%).

Графикон 28: Дали биле изложени на потсмев во професионалната средина или во медиумите за одредени ставови или, пак, во однос на одредени јавнообвинителски/судски одлуки?




Во однос на тоа **на какви коментари биле изложени**, оние испитаници/чки кои потврдно одговориле на претходното прашање, тие ги посочиле **непријатните шеги како главен начин на потсмев** (65,4%), а се надоврзуваат со коментари во однос на семејниот/брачниот/родителскиот статус на навредените, посочени од 44,4% од испитаниците/чките кои биле изложени на навреди. Присутни се и навредливи коментари засновани на родовите стереотипи (26,9%), како и коментари во однос на облеката (15,4%).

Графикон 29: Поврзано со работата, дали сте биле изложени на: (можни се повеќе одговори)




Графикон 30: Поврзано со работата, дали сте биле изложени на: (можни се повеќе одговори) според род




Поголемиот дел (58,8%) од испитаниците/чките кои биле изложени на непријатни шеги се жени, а истото се однесува и на навредливите коментари засновани на родовите стереотипи (71,4% наспроти 28,6%). Коментарите во однос на семејниот/брачниот/родителскиот статус се еднакво застапени и кај мажите и кај жените кои доживеале навреди, додека повеќето од испитаниците/чките кои биле изложени на коментари во однос на облеката биле мажи (75,0% наспроти 25,0%).

Анализирано од аспект на жртвите на овие коментари, испитаниците/чките кои биле изложени на навреди што се случуваат ретко во поголем процент се жени (73,7% наспроти 26,3%), додека кај тие што се случувало тоа понекогаш, позастапени се мажите (62,5%, наспроти 37,5%).

Графикон 31: Фреквентност на изложеност на навреди според род




Сликата во однос на тоа на **каков тип навреди посведочиле** испитаниците/чките, од вкупен аспект е речиси идентична со онаа на какви коментари биле дел од нив изложени, каде што 71,9% од испитаниците/чките не биле сведоци на такви ситуации, наспроти 28,1% кои биле. Повторно како главна форма на навреда биле посочени непријатните шеги (70,4% од оние што посведочиле ваква ситуација), потоа коментари засновани на родовите стереотипи (44,4%), потоа коментарите во однос на облеката (40,7%) и коментарите во однос на семејниот/брачниот/родителскиот статус (37,0%).

Графикон 32: Каков тип навреди посведочиле испитаниците/чките?



**Работното место повторно се посочува како главен локус за тоа каде испитаниците/чките, кои посведочиле навреди во однос на работата,** го посведочиле истото (62,9%). Исто така, повторно **медиумите и судницата** се посочени во голем процент од испитаниците/чките сведоци, како место каде што се случуваат навреди (25,7% и 17,1% последователно). Во овој случај, во поголем процент е посочен и колегиумот како место каде што се случуваат навреди (17,1%).

Графикон 33: Место каде што испитаниците/чките посведочиле навреди во однос на работата




Дел од испитаниците/чките ги посочуваат и неформалните средби помеѓу вработените (на пример, пиење кафе, појадок и сл.), каде што биле сведоци на навреди, особено кога се работело за поголема група или групи присутни.

Прашани **дали сметаат дека некои категории лица се недоволно застапени како судии и јавни обвинители**, од одговорите на испитаниците/чките може да се заклучи дека има поддршка за поинклузивно судство, каде што ќе бидат застапени различните групи. Како две групи кои се издвојуваат се Ромите (жени и мажи) и лицата со попреченост (жени и мажи), каде што жените Ромки предничат со 46,9% според мислењата на испитаниците/чките. Дополнително се наведуваат и припадниците на ЛГБТ-заедницата, како и жените од помалите средини како недоволно застапени во правосудството. Мал процент од испитаниците/чките одговориле дека „не сметаат дека некој не е застапен“.

Како завршно прашање на анкетата беше поставено прашањето **дали испитаниците/чките сметаат дека темите поврзани со родовата еднаквост, родово-заснованата дискриминација и насилството се застапени во почетната и континуираната обука на Академијата за судии и јавни обвинители**.

Мнозинството од вкупниот број испитаници/чки (53,1%) сметаат дека тие, на некој начин, се застапени, каде што мнозинството од нив смета дека тие се доволно застапени. Сепак, голем процент од испитаниците/чките не се информирани на оваа тема (38,5%). Помалку од десет проценти сметаат дека темите поврзани со родовата еднаквост, родово-заснованата дискриминација и насилството не се воопшто застапени во обуките на Академијата за судии и јавни обвинители.

Графикон 34: Дали сметате дека темите поврзани со родовата еднаквост, родово-заснованата дискриминација и насилството се застапени во почетната и континуирана обука на Академијата за судии и јавни обвинители?




Разгледувано од родов аспект се заклучува дека испитаничките се во поголем дел поинформирани за овие теми, споредбено со испитаниците (66,1% наспроти 53,1%). Исто така, поголем процент го делат мислењето дека тие теми воопшто не се застапени во обуките на Академијата за судии и јавни обвинители (9,7% наспроти 6,3%).

Графикон 35: Дали сметате дека темите поврзани со родовата еднаквост, родово-заснованата дискриминација и насилството се застапени во почетната и континуирана обука на Академијата за судии и јавни обвинители? Според род



Во однос на судската и јавнообвинителската служба (во продолжение правосудна служба) прашалникот го одговориле 128 испитаници, од кои 27% се мажи, 73% се жени, а едно лице одговорило со друго.

Во однос на возраста, 12% се во возрасната група од 18 до 30 години, 60% се во возрасната група од 31 до 45 години и 28% се во возрасната група од 46 до 65 години.

Во однос на етничката припадност, најголем процент од испитаниците се Македонци со 88%, потоа Албанци со 8%, а другите навеле дека претпочитаат да не одговорат или, пак, одговориле во категоријата друго.

Во однос на попреченоста, единствено две лица одговориле дека сметаат дека имаат попреченост, од кои едно лице со оштетен вид и едно со оштетен слух.

Во однос на работната позиција, 62% се судски службеници, 38% се јавнообвинителски службеници.

Во однос на апелациското подрачје од каде доаѓаат, 13% се од Апелационото подрачје Битола, 6% од Апелационото подрачје Гостивар, 55% се од Апелационото подрачје Скопје и 26% се од Апелационото подрачје Штип.

Во најголем дел одговорите и родовиот сооднос од правосудната служба се поклопуваат со одговорите од судиите и јавните обвинители во однос на сите прашања, вклучително и во делот на разбирањето на родовата еднаквост. Сепак, **тука имаше неколку одговори што посочуваат дека ова прашање се поврзува единствено со ЛГБТ-лицата или, пак, со странски наметнати политики, во корелација со неколку негативни коментари, од кои еден даден од маж испитаник во вид на говор на омраза:** „Перење на мозоци, сѐ тоа е за во задолжително лекување во психијатриски болници под 24-часовен надзор, заедно со сите тие што ја промовираат, поддржуваат и пропагираат сѐ е тоа за лечење оваа т.н. родова-базирана еднаквост. Такво нешто не постои, сѐ е тоа глобална сатанистичка агенда, слободно нека ги бодат со шмајзери за заштита од морона фирус и нека ги хранат со црвци, бубашваби и инсекти". Може да се заклучи дека влијанието на антиродовите движења се чувствува и во институциите.

Во делот на родово-заснованата дискриминација, **перцепцијата на испитаничките е дека родово-заснованата дискриминација е присутна во правосудството**, споредено со одговорите дадени од страна на испитаниците. Иста е состојбата и во однос на перцепцијата за доживеано насилство. Испитаничките кои доаѓаат од правосудната служба наведуваат дека повеќе доживеале насилство на работното место од оние во јавнообвинителската служба. **Во најголем дел нападите се вербални и се случуваат на работното место**.

Очигледно е дека постои и голема застапеност на родово-стереотипни шеги и коментари и организациска култура особено во судовите, која не го спречува ваквото однесување, со оглед на тоа што голем дел од испитаничките изјавиле дека доживеале или **сведочеле непријатни шеги или коментари засновани на родови стереотипи, коментари во однос на облеката или семејниот статус.**

Во одговорите имаше коментари дадени од повеќе испитанички, кои наведуваат на користење на службената положба од страна на судии за „вршење мобинг врз вработените, дискриминација и навредување на подредените".

**Во однос на незастапените групи, беа истакнати Ромите и лицата со попреченост**, потенцирајќи дека треба „Да се надмине стигмата за работа со луѓе со попреченост. Има многу квалитетни луѓе што можат да пополнат доста работни места, но најчесто не се бираат овие лица. Згора на тоа, многу судови (а и други институции) немаат пристап до влезната врата на местото поради недостиг на рампи итн., да не зборуваме за некое такво лице ако треба да работи таму".

## 6.1. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РОДОВИ СТЕРЕОТИПИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

- Испитаниците сметаат дека при изборот на членови на Судскиот совет или Советот на јавни обвинители има најмалку дискриминација, додека најмногу дискриминација се забележува при избор на раководни позиции во судовите и обвинителствата.
- 40% од испитаниците судии и јавни обвинители доживеале некаква форма на насилство поврзано со работата, при што жените биле почесто изложени на вербални напади и закани по живот.
- Разбирањето на концептот на родовата еднаквост испитаниците/чките најчесто (64,5%) го поврзуваат со „Со еднакви права и можности за сите луѓе без разлика на нивното родово изразување“, што претставува мошне инклузивно разбирање на родовата еднаквост, наспроти голем процент испитаници (51,0%) кои го посочиле одговорот „Со еднакви права и можности меѓу мажите и жените“, што претставува потесен бинарен пристап кон родовата еднаквост.
- Испитаниците доживеале и сведочеле насилство најмногу на работното место, во судниците, во медиумите и социјалните мрежи, во соодветниот редослед.

# 7. ПРЕПОРАКИ

## Родово-заснована дискриминација

- Фактот што жените раѓаат не треба да биде пречка за нивниот кариерен развој во правосудството. Затоа, се препорачува измена на законите за АСЈО за флексибилни услови за бремените слушателки и можност за продолжување на обуката со следната генерација.

- Потребна е поголема едукација за родовата еднаквост, но и разбивање на родовите стереотипи (поврзани и со мајчинството), како на општествено ниво, така и на ниво на правосудството, бидејќи тие влијаат на донесувањето одлуки и квалитетот на правдата.

## Безбедност и механизми на заштита

- Потребно е зголемување на системот за заштита на безбедноста на судиите и судиите поротници од ризикот од насилство, закани и заплашување.

- Воведување мерки за спречување насилство на работното место, во судниците и на медиумите, а со цел зајакнување на заштитата и на правосудните службеници.

- Воспоставување механизам за пријавување на сексуално вознемирување и родово-заснована дискриминација во правосудните институции, како и донесување Протокол за пријавување и заштита на судии, јавни обвинители и судии поротници во случаи на закани, вклучително и поддршка за жртвите, кои се соочуваат со родово-базирани закани.

## Образование и вклученост

- Преку стипендии, менторски програми и кариерно насочување, универзитетите да го поддржуваат запишувањето, дипломирањето и професионалниот напредок на жените од етничките заедници, особено во повисоките академски циклуси, со што директно ќе влијаат на нивниот кариерен развој.

- АСЈО треба да ги користи воспоставените канали за информирање (МОН и здруженија на граѓани) за навремено информирање на припадниците од ромската заедница и жените од помалите етнички заедници за огласите за прием на кандидати за судии и јавни обвинители.

- Потребно е да се испитаат причините зошто жените од етничките заедници, особено од ромската заедница, не се јавуваат како кандидатки во Академијата за судии и јавни обвинители. Да се воведат програми што ќе привлечат кандидати/ки од помалите етнички заедници.

- За да се обезбеди етничка разновидност помеѓу судиите поротници, да се преземат мерки за привлекување поротници од етничките заедници, особено од ромската заедница.
- Да се спроведуваат кампањи за промоција на можностите за вработување во правосудството кај маргинализираните групи, со фокус на жените од етничките заедници и лицата со попреченост, за да се зголеми нивното учество.

## Застапеност и позиции

- За да се одржи застапеноста на жените на повисоките функции, Судскиот совет треба да се вклучи во проекциите и мерките за задржување на трендот на бројот на жени судии.
- Потребно е да се воведат менторски програми за поддршка на жените во јавните обвинителства, со акцент на зголемување на нивната застапеност на повисоки и раководни позиции.

## Интегрирање на родовата компонента во политиките

- Неопходно е воведување на родова компонента во етичките кодекси за судиите и јавните обвинители, со цел промоција и заштита на родовата еднаквост и елиминација на дискриминација, вклучително и санкции за прекршување на овие кодекси.
- Потребно е експлицитно интегрирање на родовите аспекти во Законот за судови, Законот за јавното обвинителство, Законот за судска служба и Законот за јавно-обвинителска служба.
- Се препорачува да се воведат модули за родова еднаквост во почетната и континуираната обука на Академијата за судии и јавни обвинители, кои ќе бидат наменети и за судиите поротници.
- За да се овозможи правичен пристап до правда, правосудните институции да водат полово разделена статистика прикажана во годишните извештаи, согласно Законот за заштита и спречување од дискриминација.

